

МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 9

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

Станка Арсовска

Биро за развој
на образованието

МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 9

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

Станка Арсовска

Биро за развој на образованието

# СОДРЖИНА

ТЕМА 1

## ЈАС И ДРУГИТЕ


ЛЕКЦИЈА 1 - НАЈДОБРАТА ДРУГАРКА ............ 6
ЛЕКЦИЈА 2 – ОПИС НА МОЈОТ НАЈДОБАР ДРУГАР ............ 8
ЛЕКЦИЈА 3 – ГОСТИ ОД ГЕРМАНИЈА ............ 10
ЛЕКЦИЈА 4 – ВИСТИНСКИ ПРИЈАТЕЛИ ............ 12
ЛЕКЦИЈА 5 – ДИЛЕМА ............ 14
ЛЕКЦИЈА 6 – ИСТРАЖУВАМЕ ЗА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ............ 17
ЛЕКЦИЈА 7 – МОЈАТА ИДНА ПРОФЕСИЈА ............ 19
ЛЕКЦИЈА 8 – ЈАЗИКОТ НИЗ ПРИМЕРИ ............ 22


ТЕМА 2

## МОЕТО СЕМЕЈСТВО


ЛЕКЦИЈА 9 – МОИТЕ СОСЕДИ ............ 26
ЛЕКЦИЈА 10 – ТВОРИМЕ, РАСКАЖУВАМЕ, ПИШУВАМЕ ............ 30
ЛЕКЦИЈА 11 – РОДНИНИ ............ 31
ЛЕКЦИЈА 12 – СЕМЕЈНИ ПАТУВАЊА ............ 35
ЛЕКЦИЈА 13 – СЕМЕЈНИ ДРУЖЕЊА ............ 38
ЛЕКЦИЈА 14 – ГРИЖА ЗА ПОСТАРИТЕ ............ 41
ЛЕКЦИЈА 15 – ВО ГРАДИНАТА НА БАБА ............ 43
ЛЕКЦИЈА 16 – МОЈАТА ГРАДИНА – БАЛКОН ............ 47
ЛЕКЦИЈА 17 – МИЛЕНИЦИ ............ 50


ТЕМА 3

## УЧИЛИШТЕН ЖИВОТ


ЛЕКЦИЈА 18 - СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ОКОЛИНАТА ............ 56
ЛЕКЦИЈА 19 – ГЛОБАЛНИ И НАШИ ЕКОСОСТОЈБИ ............ 58
ЛЕКЦИЈА 20 – ЕКОАКЦИИ ВО МОЈОТ ГРАД ............ 61
ЛЕКЦИЈА 21 – ШТО ВЕЛАТ ЗА УЧИЛИШТЕТО НЕКОИ ВРСНИЦИ ............ 64
ЛЕКЦИЈА 22 – УЧИЛИШТЕТО НА МАРКО ............ 67
ЛЕКЦИЈА 23 – СКРШЕНИОТ ПРОЗОРЕЦ ............ 69




ЛЕКЦИЈА 24 – ПАТРОНАТ НА МОЕТО УЧИЛИШТЕ ИЛИ ДЕНОТ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 72
ЛЕКЦИЈА 25 – МУЛТИЕТНИЧКА СРЕДБА ..... 75
ЛЕКЦИЈА 26 – ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ ..... 77


ТЕМА 4

## ЖИВОТ ВО ГРАД ИЛИ ЖИВОТ НА СЕЛО


ЛЕКЦИЈА 27 – ЖИВОТ НА СЕЛО – ПЕЈЗАЖ ОД МОЈОТ ПРОЗОРЕЦ ..... 82
ЛЕКЦИЈА 28 – ГРАДОТ НА МОЈАТА ДУША ..... 85
ЛЕКЦИЈА 29 – НОВИОТ ЖИВОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НА БОРА ..... 87
ЛЕКЦИЈА 30 – ЈАЗИКОТ НИЗ ПРИМЕРИ ..... 90


ТЕМА 5

## КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА
## Рецепти од старите и новите кујни


ЛЕКЦИЈА 31 – НА РУЧЕК КАЈ МАРКО ..... 94
ЛЕКЦИЈА 32 – ДОМАШНА ТАРАНА ОД СТАРИОТ ТЕФТЕР НА БАБА ..... 97
ЛЕКЦИЈА 33 – ХРАНАТА НИЗ СВЕТОТ ..... 100
ЛЕКЦИЈА 34 – НАЈУБАВИОТ РЕСТОРАН ВО МОЕТО МЕСТО ..... 102
ЛЕКЦИЈА 35 – ВЕЖБИ ЗА ЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ ..... 105


ТЕМА 6

## МОЕТО ЗДРАВЈЕ


ЛЕКЦИЈА 36 – ВО ОРДИНАЦИЈА ..... 108
ЛЕКЦИЈА 37 – ВО ПОСЕТА НА... ..... 110

# ЈАС И ДРУГИТЕ

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## НАЈДОБРАТА ДРУГАРКА

Денес е првиот училиштен ден. Кате седеше и размислуваше. Помина уште еден летен распуст. Сега е последна година од нејзиното основното образование.

Кате беше голема, беше деветтоодделенка. Кога се гледаше в огледало гледаше висока девојка од 170 сантиметри, тешка 62 килограми. Имаше тенки раце и нозе, долг врат и долга руса коса. Сепак, нешто ја мачеше и тоа се гледаше на нејзиното тркалезно лице и во нејзините светлосини очи.

Кате си мислеше вака: Ми ја нема Нина, а колку убаво се дружевме цело лето. Сега кому ќе му ги кажувам моите тајни? – замислено ги редеше прашањата едно по друго.

Во еден миг нешто се досети и стана како да видела ѕвезда на небото: „Се сетив, ќе ѝ напишам електронско писмо, ќе ѝ пишувам секој ден и ќе изгледа како да сме заедно цело време.“ Го отвори својот лаптоп-компјутер, го отвори мејлот и почна. Пишуваше, пишуваше...

Драга Нина,

Ми недостигаш. Секој ден ми е многу долг, како цела вечност, со тебе секој ден ми беше прекраток. Сега...

Затоа, ќе ти пишувам моја драга пријателке. Ќе ти пишувам секој ден. Така нема да се разделиме никогаш, нели драга моја другарке?!

Ама вака ќе биде и позабавно, нели? – се гледаше насмевката на лицето онака скришно.

Денес почнав со училиште. Сите се овде од минатата учебна година... Ги знаеш, и Горан зборливкото, и Ана манекенката, и Јане убавецот. Да, да, сè уште е убав, исто како лани, – и за миг одлета со погледот кон прозорецот размислувајќи за Јане.

Но, мора чекам да помине учебнава година за пак да се дружиме цело лето заедно.

Ќе ти пишам утре повторно, сега одам да видам што вкусно има за ручек.



Те поздравувам,

Кате





## РЕЧНИК

**раздели, разделувам, раделуваш;**
**размислува, размислувам, размислушваш;**
**дружи, дружам, дружиш, се дружам, се дружиш;**
**одлета, одлетам, одлеташ;**
**тркалезен, тркалезна, тркалезен, тркалезни;**
**светлосин, светлосина, светлосино, светлосини;**
**зборливко, зборливка, зборливци;**
**убавец, убавица**
**електронско писмо, електронски писма;**
**вечност**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кога се случува настанот во текстот?
- Кое одделение е сега Кате?
- Пронајди што размислува Кате на почетокот на текстот!
- Која е најдобрата пријателка на Кате?
- Кои се другите соученици на Кате?

## ПРИМЕРИ

- Тркалезно е, не е правоаголно.
- Зборливко е, многу зборува.
- Како манекенка е – убава и згодна.
- Убавец е, навистина е многу убав.
- Вечност, време кое не завршува, засекогаш.
- Се дружи со мене, другар ми е, навистина.
- Се раздели од неа, не се веќе заедно.

## Споредуваме

**Како се вели на твојот мајчин јазик убав, прекрасен или прекрасна? А како се вели: Со мојот најдобар другар сме како браќа?**

## Вежби

**1. Пополнете ги празните места!**

Кате е ........................................ Таа има ......................... лице и .......................... очи.

На Кате ѝ недостига .............................. .

Кате ѝ пишува ......................... на Нина.

Погледот на Кате за миг ...................... кон прозорецот ...................... за Јане.

**2. Да ја опишеме Кате, како изгледа и како се чувствува!**

..........................................................................................

..........................................................................................

..........................................................................................

(Висока, тенки раце и нозе, долг врат, има тркалезно лице и светлосини очи, осамена, тажна, досетлива.)

**3. Да замислиме каква би била Нина и да ја опишеме!**

..........................................................................................

..........................................................................................

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ОПИС НА МОЈОТ НАЈДОБАР ДРУГАР

Рекоа за пријателството:

„Пријателството е душа што живее во две тела, срце што живее две тела.“ – Аристотел.

„Еден вистински пријател вреди повеќе од илјада познаници.“ – Плутарх.

„Вистинските пријатели те посетуваат не само во просперитет туку и во неволја.“ – Сервантес.

„Пријателството е најтешко да се објасни на светот. Тоа не е нешто што го учиш на училиште. Но, ако не сте го научиле значењето на пријателството, навистина не сте научиле ништо.“ – Мухамед Али.



### РЕЧНИК

**посетува, посетувам, посетуваш;**
**учи, учам, учиш;**
**научи, научив, научи;**
**другар, другарка, другари;**
**пријател, пријателка, пријатели;**
**познаник, познаничка, познаници;**
**просперитет;**
**вистински, вистинска, вистинско, вистински;**
**неволја, неволји;**
**значи, значам, значиш.**

### ПРИМЕРИ

- Го познавам Бејтула, тој ми е познаник, но не ми е пријател. Али ми е вистински пријател.
- Мерзије и Ајлин учат за пријателството, ама уште не научиле сè. Бајрам ме посети дома, кога бев во неволја. Тој многу ми значи.





## Споредуваме

**Кажи некој позната изрека за пријателството, другарството на твојот мајчин јазик!**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што значи другарството за тебе?
- Кој може да ти биде другар/другарка?
- Што очекуваш од другарот?
- Што правиш ти за своите другари?



## Вежби

### Опис на другарот

1. За да го опишеш другарот, следи ги прашањата!

   – Дали имаш повеќе или еден другар/другарка во непосредната околина?

   – Како изгледа?

   – На кој начин се дружите?

   – Што правите заедно?

   – Кои се вашите заеднички интереси?

   – Што најмногу почитуваш кај таа личност?

   – Дали за сè зборувате отворено?

2. Напиши еден графит за другарството!

3. Дали ти имаш некој твој другар кој е далеку од тебе? Како ти комуницираш со него?

## Задача

**Обиди се ти да напишеш електронско писмо, мејл до еден твој пријател!**

## ЧИТАМЕ И АКЦЕНТИРАМЕ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ГОСТИ ОД ГЕРМАНИЈА

Тетка Фатиме е дома денес, недела е. Кога е дома, постојано нешто готви. Сопругот на тетка Фатиме се вика Мики. Тој ги поканил своите пријатели на вечера. Неговите пријатели живеат во Германија и тој си пишува мејлови со нив преку целата година. Во лето доаѓаат, се посетуваат и се дружат. Затоа, тетка Фатиме треба да готви денес. Ќе им дојдат гости. Но, во кујната ги нема сите продукти кои ѝ се потребни.

– Мики, ни треба **кисело млеко** за питата и **суво грозје** за баклавата.

– **Овој пат** пазари ти. Секогаш нешто заборавам.

– Јас се брзам, а ти **пет пари** не даваш.

– Во ред, одам, дај го списокот.

– И, уште додај таму **црвен пипер** и свежо мелено кафе.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој ќе има гости?
- Кој ќе дојде на гости?
- Од каде се гостите?
- Што ѝ недостасува на тетка Фатиме во кујната?

Во текстот има зборови кои се **потемнети**. Прочитај ги само нив! Направи споредба: црвен пипер и свежо мелено кафе! Дали и каде има разлика во изговорот меѓу црвен пипер и свежо мелено кафе?

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## Акцент

Акцент е нагласување на еден слог во зборот. Кога зборуваме, ако внимателно слушаме, ќе забележиме дека едниот слог од зборот го нагласуваме, тоа нагласување се вика акцент и се бележи со ( ' ).

Во македонскиот јазик неколку зборови можат да се подведат под ист акцент. Група зборови поврзани со заеднички акцент се нарекуваат **акцентски целости.**

Групата зборови всушност ја сфаќаме како еден збор и ја акцентираме според правилото: на третиот слог од крајот на зборот, односно на целината: *н ´а нива, кој г ´о виде, кисел ´о млеко,новат ´а куќа, сув ´о грозје.*

Обиди се да ги изговориш примерите! Слушајте се меѓу себе и давајте си повратна информација за вашата успешност!

На пример: д ´ај ми, д ´ај ми ја, дајт ´е ми ги, не д ´авај му, не му ј ´а давај, не давајт ´е му ги, н ´е дојде, н ´е кажа, н ´е пее.



### Вежба

Ајде да акцентираме! Го вклучуваме нашиот слух и говорниот апарат, читаме, акцентираме и се преслушуваме. Акцентниот знак покажува дека треба да се нагласи тој слог од зборот, односно слогот од поврзаните зборови.

Доколку ти е тешко на ваков начин, тогаш обиди се да ги поделиш на слогови и да ги акцентираш следниве зборови онака како што ќе обележиш: **(на пример: црн пипер – ц ´рн- пи-пер), Долни подлог, твоја глава, трета вечер, тој ден, кисело млеко, овој пат, една страна, пет пари, малку време, колку пари.**

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ВИСТИНСКИ ПРИЈАТЕЛИ

Фатиме цел ден е во кујната. **Фатиме** готви. Таа **е домаќинка.** Направи сè: питата е готова, баклавата се лади, пијалакот е на масата, се чекаа гостите. Го **слушна ѕвончето.** Побрза да ја отвори вратата. Кога влегоа внатре, Мики ги пречека со широка насмевка:

– **Домаќин човек,** сè е подготвено навреме.

– Секако, кога до мене е Фатиме! – задоволно одговори Мики.

– Треба почесто да ве посетуваме, – се насмевна Дритон.

Разговорот траеше долго, а времето минуваше. Вистинските пријатели се повредни од илјада познаници.

### РЕЧНИК

**домаќин, домаќинка, домаќини;**
**пијалак, пијалаци**
**познаник, познаничка, познаници**
**повреден, повредна, повредни;**
**навреме.**

### ПРИМЕРИ

- **Домаќинка**, одговорна за чистењето и одржувањето на куќата.
- **Се лади**, ја намалува температурата.
- Подготвено **навреме**, во договореното, во определено време.
- Пријателите **се повредни** од злато.

### Споредуваме

**Како се вели на твојот мајчин јазик: Пријателите се повредни од злато?**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој го подготвува јадењето?
- Каква домаќинка е Фатиме?
- Што подготвила за гостите?
- Кој ѝ помогнал на Фатиме во подготовката за ручекот?
- Што вели Дритон?

Што ги поврзува зборовите: Фатиме, домаќинка, ѕвонче, домаќин, човек, насмевка?

Што означуваат тие? Каде се наоѓаат тие во реченицата? Каква функција имаат во неа?

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## Именки и нивната функција во реченицата

Именките ги употребуваме секогаш кога сакаме да именуваме, да наречеме нешто со неговото име. При таа основна задача на именките, тие здобиваат различни функции во реченицата. Така, нивните функции во реченицата можат да бидат различни: **подмет** (оној кој го врши дејството), **предмет** (оној врз кој се врши дејството), како дополнување на прирокот **– именски дел од прирокот**, но и **атрибут**, како дополнување на друга именка.

Во јазикот тоа честопати е вака:

1. Најчесто, именката е подмет во реченицата.

На пример: ***Фатиме*** готви. ***Детето*** спие. ***Докторот*** работи.

2. Именката може да се јави и како составен дел на **ГЛАГОЛСКО-ИМЕНСКИОТ ПРИРОК.**

На пример: Таа ***е домаќинка***. Тој ***е ученик***. Ти ***си архитект.***

3. **Јана гризе јаболко.** (Односно може да биде и ПРЕДМЕТ.)

4. Именката може да се јави како дополнување на друга именка – **АТРИБУТ.**

На пример: **Домаќин човек.**

## Вежби

Пополнете ги празните места со соодветни именки кои имаат различни функции! Внимавајте на нивниот род, број и определеност!

Пример: **Игор** игра **фудбал**. Тој е **карпа дете** и никој не се турка да му ја земе **топката.**

(Играч, победа, топката, врв.)

Тој е ...................................... кој победува. Го викаат Игор

..............................................................

Кога дрибла со .............................. тој е ........................................................

Понудените именки кои имаат различна функција во реченицата напишете ги на празните места во дијалогот!

(Фаворит, кошарка, шише, херој.)

Јана игра ...................................... и на секој натпревар пие ........................................... вода, тоа ја прави посилна.

А: Кога имаш натпревар Јана?

Б: Во сабота, Мила, со нетрпение очекувам.

А: Ти си .................................. дете Јана, сите се исплашени од твојот талент.

Б: Не претерувај Мила.

А: Не претерувам, ти си ........................... на секој натпревар.

## ПЛАНОВИ ЗА МОЕТО ИДНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ДИЛЕМА

Мерзие и Али се другари од основно. Учеа заедно. Сега учат во различни училишта.  Мерзие се запиша во средно медицинско училиште, а Али отиде во гимназија. Сега поретко се гледаат, но сѐ уште се блиски пријатели.

– Ало, Али, ајде да прошетаме надвор! – му се јави Мерзие.

– Не можам Мерзие, Јани е кај мене.

– Тогаш нека дојде и тој, – рече Мерзие.

– Во ред може. Доаѓаме.

За кратко време сите беа заедно. Разговараа долго. Али постојано зборуваше дека има многу за учење и дека се подготвува за некој проект во гимназијата, а имал и проектна задача.

И Мерзие раскажуваше дека на пракса било многу интересно. Таа учи за медицинска сестра. Само Јани ги гледаше и ништо не зборуваше.

– Јани што ти е, кажи нешто?! – рече Али.

– Не знам, ве слушам. Јас идната година треба да се запишам во средно училиште. Јас  сакам да се запишам во гимназија, но моите родители сакаат да бидам доктор, па велат да се запишам во средно медицинско училиште.

– Разговарај со нив. Објасни им дека сакаш да учиш во гимназија. Потоа, можеш да одиш на факултет по твој избор. Мислам дека ќе те разберат.

– Добра идеја! – блесна насмевка на лицето на Јани. – Ти благодарам Мерзие.







## РЕЧНИК

**Дилема/недоумица,** кога треба да се одлучиме меѓу две можности.

**Пракса** – практикување, учење вештина.

**Проект** – скица, концепт, добро изработен план за одредена задача.

Пример: Проектот за хотелот е готов.

**Проектна задача** – задача на одредена тема од материјалот, често вклучува истражување.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кои се Мерзие и Али?
- За што се подготвувал Али?
- За што раскажува Мерзие?
- За што бил загрижен Јани? Зошто?
- На што се досетила Мерзие?

**Гимназиско образование**
Гимназија, училиште во кое ќе добијам основа за која било научна дисциплина, па така ќе имам време да размислувам за мојата идна професија уште четири години. Гимназиското образование можеби е најдобро да го избереме ако сакаме да бидеме: професор, правник, економист, преведувач.

**Средно стручно образование** се избира кога веќе знам дека мојата идна професија ќе биде: готвач, автомеханичар, моделар на облека, електротехничар...



## Вежби

**1. Пополни со формите ИМА/НЕМА!**

– Во средно медицинско училиште .............................. пракса, во гимназија ..............................

– Во гимназија .............................. стручни предмети, во средно медицинско ..............................

– Во електротехничко средно училиште .............................. насока ниска струја, во текстилно ..............................

**2. Обиди се да го откриеш средното училиште од речениците!**

– Ахмет е бравар. Средно училиште учеше во ..............................
..............................

– Рабие е медицинска сестра, учеше во ..............................

– Марко не знаеше што ќе студира, па затоа се запиша во ..............................

## Задачи

**1. Дали си размислувал за тоа кое средно училиште би било твој избор кога ќе завршиш деветто одделение?**

**2. Дали знаеш какви средни училишта има во Република Северна Македонија?**

**Истражувај и напиши!**

..............................
..............................
..............................
..............................
..............................
..............................
..............................
..............................
..............................





# ИСТРАЖУВАМЕ ЗА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

**КАКВИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ИМА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА? КАДЕ ДА СЕ ПРОДОЛЖИ ОБРАЗОВАНИЕТО? ДА ИСТРАЖИМЕ!**














## Задача за истражување

**1. Прочитајте ги понудените струки од средното стручно образование и насоките во гимназиското образование! Одберете по три струки од средно стручно или насоки од гимназиско образование! Потоа, истражете што нуди секоја струка и што би можеле да работите по завршувањето на тие училишта! Секој нека направи по една до три реченици за изборот што го направил (зошто ја избрал струката и кои професии се поврзани со таа струка)! Напишаното се презентира пред паралелката!**

**Еве мала помош!**

**Струки:**

- Економско-правна и трговска.
- Применета ликовна уметност.
- Хемиско-технолошка.
- Шумарско-дрвопреработувачка.
- Машинска.
- Земјоделско-ветеринарна.
- Сообраќајна.
- Градежно-геодетска.
- Текстилно-кожарска.
- Здравствена.
- Електротехничка.
- Машинска.
- Угостителско-туристичка.

**Гимназиско образование:**

- Јазично-уметничко подрачје.
- Природно-математичко подрачје.
- Општествено-хуманистичко подрачје.

**Пример:** Здравствена струка – практична и потребна на пазарот на трудот, има неколку профили и неколку професии: медицинска сестра, фармацевтски техничар, лаборант.



## Задача 2

**Поделете се во групи! (Во првата група се учениците кои го одбрале гимназиското образование, во втората група се учениците кои го одбрале медицинско стручното образование и во третата група се оние кои го одбрале електротехничкото образование.) Почнете дебата: Кое училиште е најдобро? Обидете се да ги убедите останатите соученици дека тоа училиште е најдоброто училиште за вашата иднина!**



# МОЈАТА ИДНА ПРОФЕСИЈА

- **КОИ ПРОФЕСИИ СЕ ПРИКАЖАНИ НА ФОТОГРАФИИТЕ?**
- **КОИ СЕ ПРЕДНОСТИТЕ НА СЕКОЈА ОД НИВ?**

1



2



3



4



5





# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## МОЈАТА ИДНА ПРОФЕСИЈА!

Јован отсекогаш ги сакаше јазиците, особено англискиот. Како што минуваше времето во училишните клупи, така сè повеќе беше убеден дека ќе биде наставник. Затоа сакаше да се запише прво во гимназија, а потоа на Филолошки факултет. Кога ќе ја кажеше неговата идна професија пред другарите, тој беше единствен со таков сон. Останатите сè уште размислуваа и не знаеја што ќе бидат. Велеа дека ќе учат таму каде што нивната плата ќе биде многу висока. Но, на Јован не му беше важна платата, тој едноставно имаше план каде ќе работи во иднина, па затоа учеше напорно и се трудеше да биде најдобар на часовите по Англиски јазик. Тој беше само упорен својот сон да го претвори во реалност. Јован знаеше дека колку подолго трае сонот, толку е поубав кога ќе се оствари.

### РЕЧНИК

**се труди, се трудам, се трудиш;**
**претвори, претворам, претвориш;**
**упорен, упорна, упорно, упорни;**
**убеден, убедена, убедено, убедени;**
**единствен, единствена, единствено, единствени;**
**реалност**
**напорно**

## ПРИМЕРИ

- **Беше убеден**, беше уверен, знаеше дека ќе биде така.
- **Напорно** – со многу труд.
- **Се трудеше** – вложува труд/ работи многу.
- **Упорен** – истраен, непопустлив, тврдоглав. На пример: Тој е упорен во започнатата работа.
- **Својот сон да го претвори во реалност** – да ја исполни својата желба.

### Споредуваме

**Како се вели на твојот мајчин јазик: остварување на сонот?**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој јазик најмногу сакал да го учи Јован?
- Што сакал да биде Јован по професија во иднина?
- Како размислувале неговите другари кога разговарале за професиите?
- Што ќе одговориш ти, да се работи за висока плата или да се работи професија која те исполнува?
- Тема за дискусија - идна професија и можности за успех - разговарајте за професиите и за успесите





## Вежби

**1. Составете (поврзете) ги речениците според содржината на текстот!**

1. Најмногу го сакаше
2. Јован сакаше да се запише
3. Велеа дека ќе учат таму
4. Јован знаеше дека колку подолго трае сонот

а) каде што платата ќе биде висока.

б) англискиот јазик.

в) толку е поубав кога ќе се оствари.

г) на Филолошки факултет.

**2. Во следните реченици изберете го зборот што одговара по содржината на текстот:**

а) Јован *беше/не беше* убеден дека ќе биде наставник.

б) *Сакаше/не сакаше* да се запише на Филолошки факултет.

в) На Јован *му беше/не му беше* важна платата.

г) Тој *сакаше/не сакаше* неговиот сон да стане реалност.



# ЈАЗИКОТ НИЗ ПРИМЕРИ



**Вежба 1:**

**Ги пронаоѓам грешките на Сејдина**

Сејдина веќе неколку години учи македонски јазик. Таа е од Турција. Во Македонија има многу пријатели, но најмногу ја сака Ана. ѝ напишала мејл, ама има 10 грешки. Поправи ги на линијата!

Subject (предмет): ЗДРАВО!

From (од): seydinaatoglu@gmail.com
To (до): annajovanova@yahoo.com

Здраво, Ана!

Како си? Јас е добро. Сега сум на гости кај баба ми во Гокчедер. Тое е <u>една</u> мало село <u>блиски</u> до Газиантеп. Многу е убаво тука. Овде имам многу пријатели, постојано си играме, па затоа сум <u>уморен.</u> Времето е многу <u>убава.</u> Тука најмногу <u>ја</u> сакам појадокот и свежото млеко кое баба ми ми го подготвува наутро.

Би <u>сакало</u> заедно да дојдеме овде <u>следната</u> лето. Има многу цвеќиња и планинска вода, ќе шетаме многу. Што <u>прави</u> ти сега? Како <u>се</u> сестра ти?

1. ................................ 2. ................................ 3. ................................ 4. ................................

5. ................................ 6. ................................ 7. ................................ 8. ................................

9. ................................ 10. ................................

## Вежба 2:

**Обиди се ти да напишеш мејл до твој пријател следејќи го примерот на Сејдина!**

Subject (предмет):

From (од):

To (до):

# МОЕТО СЕМЕЈСТВО

## МОИТЕ СОСЕДИ



Обично неделно попладне. Филип ни раскажува за зградата во која живее и за неговите соседи. Да видиме што се случува во зградата на Филип! Обидете се рецениците да ги поврзете со бројот на станот за кој зборува!

1. Никола е со Милош. Слушаат музика. **Стан** .......
2. Андреа и Јана спијат. **Стан** .......
3. Бебето плаче. **Стан** .......
4. Али пишува порака. **Стан** .......
5. Маја свири виолина. **Стан** .......
6. Елена и Огнен гледаат телевизија. **Стан** .......
7. Илијан игра на компјутер. **Стан** .......
8. Алиџан чита книга. Берфин зборува на телефон. **Стан** .......
9. Дритон прави шпагети. **Стан** .......

15


16


17


25


26


27


35


36


37






# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

**Следи ги активностите од погоре и напиши го бројот на станот во текстот!**

## АЈДЕ ДА ГИ ЗАПОЗНАЕМЕ СОСЕДИТЕ НА ФИЛИП!

Филип има стан во една мала зграда. Соседите се интересни. Во стан ....... секогаш има млади луѓе кои постојано слушаат гласна музика. Тие се студенти. На третиот кат, во стан ....... живее едно големо семејство. Имаат две деца, од кои едното е бебе. Постојано плаче навечер. Децата се гласни и немирни. Имаат и немирно куче кое постојано лае.

Во стан ....... живее една млада и убава девојка. Има 28 години, висока е, има кафеави очи, но секогаш изгледа тажно. Свири на виолина – ја слушам секоја вечер. Таа ми е омилената сосетка.

А, пак, во стан ....... живеат едни постари луѓе, еден дедо со својата баба. Имаат околу 70 години. Бабата е многу интересна жена. Од утро до мрак е на прозорецот и гледа што прават соседите. Ако нешто Ве интересира, слободно појдете кај неа, нема нешто што не знае. Знае дури и тоа што вие сте го заборавиле. Додека, пак, дедото постојано е во паркот, игра шах со пријателите и читаат весници.

Навистина е интересна зградата на Филип! А вашата?

## РЕЧНИК

**сосед, соседи;**

**гласен, гласна, гласни;**

**немирен, немирна, немирно, немирни;**

**интересен, интересна, интересно, интересни;**

**Сосед/соседи** = комшија/комшии.

**Гласни** – прават врева, бука.

**Немирни** – непослушни, палави, недисциплинирани.

**Шах** – спортска игра.

### Споредуваме

**Како се вика на твојот мајчин јазик: најдобрите соседи?**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Од каде доаѓа гласната музика во зградата на Филип?
- Опиши како изгледа младата девојка од стан 27!
- Кој живее на третиот кат?
- Што прави бабата од утро до мрак?

## Вежба

1. Какви се децата? Гласни.
2. Какво е кучето? ....................
3. Каква е девојката? ....................
4. Каква е бабата? ........................

1. Кој **плаче** ноќе? Бебето во стан 25.
2. Кој **знае** сè за соседите?
3. Кој **свири** на виолина?
4. Кој **не оди** на работа?

▶ Со заменката **кој** бараме информација за субјектот на дејството/состојбата. Глаголот е секогаш во трето лице еднина.

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

### Придавки – функции на придавките во реченицата (атрибут)

– Сонцето сирка низ облаците.

– Златното сонце сирка низ високите бели облаци.

Спореди ги речениците! Што забележуваш? Која од двете реченици ти звучи поубаво? Зошто?

Придавките најчесто ја опишуваат именката, ја определуваат количината и ја посочуваат припадноста.

Но, понекогаш придавката е **АТРИБУТ.** Кога е атрибут, таа секогаш стои пред именката и ја дополнува истата.

## ПРИМЕР 1:

- **Убава девојка.**

Обиди се од двете реченици во примерот да пронајдеш каде придавката е во функција на **атрибут**!





## Вежба 1

Пронајди ги и издели ги атрибутите употребени во текстот погоре!

..........................................................................................

..........................................................................................

..........................................................................................

..........................................................................................

.......................................................

## Вежба 2

Обиди се во примерите што следуваат да ја напишеш спротивната придавка!

**Пример: млад – <u>стар.</u>**

- добар – ........................................
- весел – ........................................
- убав – ........................................
- голем – ........................................
- нов – ........................................
- дебел – ........................................



## Вежба 3

Напиши ги придавките во точна форма, но внимавај на родот и бројот на именката!

**Пример: Полн ресторан, <u>полна</u> чаша, <u>полни</u> торби.**

- Весел ученик, ................................ музика, ................................ луѓе.
- Тажен филм, ................................ дете, ................................ музика.
- Нов стан, ................................ куќа, ................................ училиште.
- Мирен град, ................................ езеро, ................................ деца.
- Интересен пријател, ............ .................. земја, ................................ книга.

## Вежба 4

Избери 5 до 7 зборови од преходните вежби и напиши краток состав. Насловот може да биде: „Омилениот јунак од книжевноста или филмот“.

# ТВОРИМЕ НА ТЕМА СОСЕДИ

**Раскажуваме и пишуваме за нашите соседи. Напишаното се презентира пред паралелката!**

Напиши текст за вашите соседи користејќи ги како помош понудените зборови! Обиди се во него да вклучиш повеќе реченици кои ќе содржат атрибути! Текстот да не надминува 100 збора!

**Зборови за помош при пишување на текстот:** соседи, пријатели, гости, кафе, балкон, цвеќиња, скали, кат, зграда, куќа, од спротива, живее, оди, пие, прави, се дружи, добри, немирни, деца, секој ден, понекогаш, заедно, време, моја, наша, голема, убава, милениче, маче, куче, топка, карти, шах, весник, скара, малку, многу.

## Задача 2

**Напишете една реченица како заклучок за текстот што го напишавте:**





# РОДНИНИ

**ИЗРЕКИ ЗА РОДНИНСКИТЕ ВРСКИ:**

**„Ги бираш пријателите, ги толерираш роднините“** – народна мудрост

**„Пријателите можеш да ги бираш, роднините не!“** – народна мудрост



▶ Што мислиш за овие народни мудрости, дали се согласуваш со нив?

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## МОИТЕ РОДНИНИ – МОЕТО ЈАС

Сара: Еј, здраво Ердал, кога пристигна, ме изненади кога те видов, не те очекував!?

Ердал: Здраво Сара, вчера дојдов! Никој не знаеше дека доаѓаме. Им приредивме изненадување на роднините. Колку само беше интересно. Сите беа собрани за да го прослават роденденот на баба. Кога влеговме настана хаос.

Сара: Колку убаво сте се сетиле. Сигурно многу сте ги израдувале.

Ердал: И не знаеш колку, беа пресреќни.

Агрон: Сам дојде или и братучед ти е со тебе?

Ердал: Не сум сам, вујко ми и вујна ми се со нас, а и братучед ми и братучетка ми. Утре ќе пристигнат и тетин ми и тетка ми со Амина и Арбен од Франција.

Сара: Колку убаво, едвај чекам да ја видам Амина!

Ердал: И јас, потоа сите заедно ќе одиме на летување во Албанија.



### РЕЧНИК

**пристигна, пристигнав, пристигна;**
**се изненади, се изненадив, се изненади;**
**очекува, очекувам, очекуваш;**
**приреди, приредам, приредиш;**
**прослави, прославам, прославиш;**
**собран, собарана, собрано, собрани.**

**Примери:**

**Хаос/неред/метеж** – нема ред.

Пример: Во главата ми е **хаос.** **Хаос** е во градот од автомобили.

**Пристигна** – само што дојде.

**Се изненади/изненадување/изненадува.**

Пример: Ана се изненади од подарокот. Другарките ѝ приредија изненадување.

**Очекува** – чека некого или нешто.

**Приредува** – очекува, подготвува.





## Споредуваме

**Како во вашиот мајчин јазик се вели:**
**Сакам убави и пријатни изненадувања?**

## Задача

**Заокружете го точниот одговор од а) до в) користејќи го текстот „Моите роднини – моето ЈАС“!**

**1. Ердал пристигнал од странство:**

а) денес

б) вчера

в) утре

**2. Кој знаеше за неговото пристигнување?**

а) Сара

б) сите

в) никој

**3. Кој друг дошол со Ердал од странство?**

а) вујко му и вујна му

б) дошол сам

в) баба му и дедо му

**4. Од каде ќе пристигнат неговите братучеди Амина и Арбен?**

а) од Италија

б) од Франција

в) од Албанија

**5. Каде го планираат заедничкиот летен одмор Ердал и роднините?**

а) во Грција

б) во Србија

в) во Албанија



## РАЗГОВАРАМЕ

- Дали ти имаш роднини кои се во странство? Каде?
- Дали често се слушаш и се гледаш со твоите роднини?

Да спопредиме како се дружеле роднините порано, а како се дружат денес. Има ли разлика? Објасни!

## Задача

**Пронајди и подвлечи (заокружи)**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| љ | њ | е | р | т | в | ѕ | у | и | о | п |
| б | с | о | п | р | у | г | а | с | д | с |
| ф | р | г | х | к | ј | л | д | р | з | е |
| џ | ц | а | в | б | к | н | е | о | м | м |
| љ | њ | в | т | е | о | **а** | д | д | р | е |
| т | б | ѕ | у | у | **к** | у | о | н | и | ј |
| п | о | р | к | **ј** | ч | ѕ | т | и | р | с |
| а | з | џ | **а** | ц | н | е | в | н | б | т |
| н | љ | **м** | њ | т | е | а | т | и | р | в |
| с | т | ѕ | у | и | у | о | п | к | а | о |
| т | е | с | д | ч | и | ч | к | о | а | ф |
| р | г | с | б | а | б | а | е | х | ј | к |
| и | з | џ | т | а | т | к | о | т | ц | в |
| н | б | н | м | р | љ | њ | е | р | т | ѕ |
| а | ќ | е | р | к | а | с | з | с | и | н |

1. мајка
2. татко
3. братучед
4. сопруг
5. вујко
6. чичко
7. сестра
8. вујна
9. роднини
10. семејство
11. стрина
12. ќерка
13. братучетка
14. син
15. дедо
16. баба





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### СЕМЕЈНИ ПАТУВАЊА



ПРОЛЕТ



ЛЕТО



ЕСЕН



ЗИМА

За мене зимата е најубаво годишно време, затоа што сакам кога паѓа снег, сакам кога сè е бело. Повеќе сакам да шетам во зима отколку во лето. Сакам да одам на планина и да скијам. Ама, најдобро ми е кога патувам со моите роднини, затоа одвај чекам. А ти?



Кое годишно време е најомилено за тебе? Зошто го сакаш посебно?

## КВИЗ за патување

**1. Кога повеќе сакате да одите на одмор?**

а) во лето

б) во зима

в) во пролет

г) во есен

**2. Каков одмор најмногу сакате?**

а) на море

б) на планина

в) на езеро

г) туристичко патување во странство

**3. Со што сакате да патувате?**

а) со кола

б) со автобус

в) со авион

г) со брод

**ЗОШТО?**

**4. Каде е подобро за вас да престојувате?**

а) во мал хотел

б) во апартман

в) во голем хотел

г) во камп



Subject (предмет): ЗДРАВО, АНА !

From (од): sarajanev@gmail.com
To (до): annajovanova@yahoo.com

Здраво, Ана!

Вчера се вратив од одмор. Бев на летување во Грција. Многу убаво си поминав. Бев десет дена со моите братучеди. Кога патувам со нив, секогаш е забавно. Бевме сместени во хотел, јадењето беше вкусно. Времето беше многу топло, па дури и навечер. Морето беше прекрасно и со Маја не излегувавме од вода со часови. Запознавме и многу пријатели. Имаше едни брат и сестра од Србија. Беа близнаци, Милош и Мила. Се дружевме по цел ден. Низ песочната плажа најдовме многу убави школки. Најубавата ја зачував за тебе.

Ти кога ќе одиш на одмор? Пиши ми кога ќе се вратиш!

Поздрав, Сара!

**Амина и Ердал зборуваат за нивниот одмор во Турција. Што велат за: патувањето, хотелот, времето, морето, друштвото, храната, плажата?**

Subject (предмет):

From (од):
To (до):

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## СЕМЕЈНИ ДРУЖЕЊА

Амина, Арбен и Ердал поминаа незаборавни моменти заедно. Нивниот одмор траеше десет дена, ама за нив тоа беше малку.

– Иако сум дојден пред само еден ден, повторно сакам да одиме некаде на патување, – со тага во гласот рече Ердал.

– Ќе бевме отидени да не ги потрошевме сите пари, – се насмевна Амина.

– Јас сум изморен, не ми се патува повеќе, – уморно рече Арбен.

Од кујната се подаде мајка му на Ердал која случајно им го слушна разговорот.

– Што е деца, зарем не сакате да одиме уште некој ден на планина, зарем заборавивте колку беше убаво минатата година? Скарата тогаш беше највкусна!

– Тето, па не си фер, ќе бев изненаден да забораveше да го кажеш тоа, – помалку луто рече Арбен. – Јас не сакам никаде да одам, сакам да си спијам во мојот кревет.

– Е добро де, ќе ти го земеме и креветот, – повторно шеговито му префрли Амина.

– Вие, како сакате, јас сум спакуван веќе! – рече Ердал.

Сите гласно се насмеаја, бидејќи сите знаеја дека ваквите семејни дружења секогаш се полнење на батериите за сите. Спомени кои никогаш не се заборават.







## РЕЧНИК

**префрли, префрлам, префрлиш; · спомен, спомени; незаборавен, незаборавна, незаборавни; · лут, лута, луто, лути; · шеговит, шеговито; · малку, помалку, најмалку; · фер**

**Незаборавни моменти** – сеќавања кои траат, кои не се забораваат.

**Шеговито** – на шега, забавно. На пример: шеговито дете, шеговит човек (знае да се шегува, забавен, духовит).

**Му префрли** – му дофрли, му кажа/упати прекор (го обвини).

**Не си фер** – не си праведен, не е во ред.

**Луто одговори** = лута пиперка.

**Малку/помалку/најмалку** – спротивно од многу/повеќе/најмногу.

**Спомен/спомени** = моменти.



### Споредуваме

**Како се вика на твојот мајчин јазик:**
**Секое патување ново искуство?**

## ЗАБЕЛЕЖУВАМЕ = СОГЛЕДУВАМЕ

1. Луто одговори на прашањето. (Преносно значење.)
2. Тие пиперки се лути, не се благи. (Буквално значење.)

**Во македонскиот јазик некои зборови имаат директно, буквално значење од една страна, а од друга страна можат да станат дел од некој јазичен израз каде ќе имаат преносно значење.**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Колку дена Амина, Арбен и Ердал биле на одмор?
- Каде сакал да оди Ердал?
- Кој бил изморен и не сакал да патува?
- Каде сакала да ги носи мајка му на Ердал повторно?

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## Сложени глаголски форми: сум-конструкции

Сум-конструкциите се сложени форми (значи имаат повеќе од еден член во конструкцијата), составени се од сум и глаголска придавка.

Во зборувањето, такви се примерите: сум јаден, сум дојден, бев виден, сум виден.

Вакви примери има и во текстот претходно.
Пример: бевме отидени.

Оваа конструкција најчесто е резултат од вршењето на дејството или состојба, која исто така произлегла од некакво претходно дејство.

Пример:

– Јас играм кошарка. Јас сум запишан на кошарка.

– Се изненади од него. Јас сум изненаден од него. Бев изненаден.

## Вежби

**1.** Пополнете ги празните места со **сум-конструкцијата**, како во примерите: Јас **се спакував** за одмор. Јас **сум спакуван** за на одмор.

1. Јас **се запишав** на ракомет. Јас .............................. на ракомет.
2. Ние **отидовме** на ручек. Кога тој дојде ние .............................. на ручек.
3. Ти **отиде** на кино со Маја. Ти .............................. отиден на кино со Маја.
4. Тој **дојде.** Тој .............................. пред вас.

**2.** Пополнете ги празните места со понудените примери од **сум-конструкцијата: беше изненаден, сум вљубен, беше присутен, беше избезумен!**

Ариф .............................. на натпреварот. Не ја забележа Берфин на трибините. Кога погледите им се сретнаа .............................. и почна да црвенее. Не очекуваше да ја види таму ..............................

– Ама .............................., – првпат си призна себеси.

Беше тоа првата негова вистинска љубов.

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ГРИЖА ЗА ПОСТАРИТЕ

Јана има четиринаесет години. Веќе е голема. Поголемиот дел од времето го поминуваше пред огледало. Пред да излезе со другарките, еден час ги дотеруваше косата и лицето и внимателно одбираше што ќе облече. Беше презафатена со тоа, па сè помалку имаше време за обврските од порано. Само на едно не забораваше и секогаш имаше време – да отиде кај нејзината баба, која толку многу ја сакаше. Секогаш кога беше прва смена на училиште, по завршувањето на часовите одеше кај неа за да ѝ однесе леб и уште нешто што таа ќе побара. Не ѝ беше тешко, затоа што и на баба ѝ не ѝ беше тешко кога ја чуваше како малечка, а нејзините родители беа постојано на работа. Со неа никогаш не ѝ беше здодевно. Разговараа за сè. Ќе се напиеја домашен сок од вишни, ќе ѝ помогнеше да ги измие садовите, а, секако, тука беше и стутканата стотка пред заминување во раката на Јана. Често знаеше да ѝ каже: „Кога ти си тука мила моја Јана, јас за ништо не се грижам.“ А и нејзе ѝ беше интересно да ѝ помага затоа што така си мислеше дека веќе е голема и не е веќе „малата Јана на баба“.



### РЕЧНИК

**се дотерува, се дотерувам, се дотеруваш; • грижи, се грижам, се грижиш; • обврска, обврски; • внимателен, внимателна, внимателно, внимателни; • здодевен, здодевна, здодевно, здодевни; • стуткан, стуткана, стуткано, стуткани; • засекогаш; • интересно.**

**Се дотерува** – се подготвува.

**Внимателно** – внимава, внимателен, прецизен.

**Презафатена/презафатен/презафатено/презафатени** – многу зафатен/-а/-о/-и со работа.

Пример: Презафатен сум утре, не можам. (Имам многу работа, не можам.)

**Обврски/обврска** – должност што мора да се изврши.

**Здодевно/здодевен/здодевна/здодевни** – досадно, без интерес.

**Стуткана** – нешто што е згмечено, собрано, стуткано.

**Засекогаш** – за цел живот, за навек, за сите времиња.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каква девојка е Јана? Опиши ја!
- Што никогаш не заборавaше Јана да направи за својата баба?
- Како Јана ѝ помагаше на баба ѝ?
- Како го поминуваа времето заедно бабата и внуката?
- Што ќе остане Јана за баба ѝ?
- Колку често вие ги посетувате вашите баба и дедо и дали се грижите за нив по примерот на Јана?



## Вежби

**1.** Обиди се да ги дополниш речениците гледајќи го текстот: „Грижа за постарите“!

Јана има .............................. години. Беше ............................................................ со средување пред ..................................................

Само едно не заборавaше и секогаш имаше време да отиде кај .............................................................. Секогаш кога беше прва смена, по часовите ѝ носеше ............................................................ и уште нешто што баба ѝ ќе побара. Со неа никогаш не ѝ беше ............................................................

**2.** Да ја опишеме баба ѝ на Јана, како изгледа и како се чувствува!

..............................................................................................................................................

**3.** Што мислите за изреката: **„Децата кои растат покрај баба и дедо се посреќни“?**. Зошто?

..............................................................................................................................................

..............................................................................................................................................

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО ГРАДИНАТА КАЈ БАБА...

**Имам видено** многу градини ама градината на мојата баба е посебно место каде што цвета природата. Градината е исполнета со цвеќиња од сите видови и бои.

Кога цветаат розите, божурите и лалињата, како да се натпреваруваат со својата убавина и со својот мирис. **Има засадено** и овошни дрвја. Има: јаболкници, цреши и сливи. Во лето, дрвјата се полни со вкусни плодови, кои ги собираме за да направиме џем. **Немам вкусено** поубав џем од сливи како тој на баба. Во задниот дел од градината, пак, има зеленчукова градина каде што баба ми одгледува свеж зеленчук: домати, тиквички, марула, морков. Мало место полно со витамини. Во средината на градината има мала дрвена клупа под едно старо дрво. Најсовршеното место за седење и читање книга. Птиците ја сакаат градината на баба ми. На дрвјата има закачено дрвени куќички за птици кои дедо ги направи, дом на многу распеани врапчиња. Нивната радосна песна го исполнува воздухот.

Секој агол од градината е полн со спомени. Таму баба ми поминува многу часови во градинарство, а од неа научив многу за растенијата и за природата.



## РЕЧНИК

**исполнува, исполнувам, исполнуваш; · роза, рози; · божур, божури; · лале, лалиња; · цем, цемови; · совршено, посовршено, најсовршено; · градинарство**

**Посебно** – особено, исклучително, но може и вака:

Тој сака посебно да плати. Сите го почитуваат него, а посебно неговото дело.

**Божур** – вид цвеќе со опоен мирис.

**Совршен/посовршен/најсовршен/** – нема подобар, има голем квалитет, без недостатоци.

**Градинарство** – одгледување на зеленило, овошје, зеленчук, цвеќиња.



### Споредуваме

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Најбогатата градина е градината на спомени?**

## РАЗГОВАРАМЕ

### Направи прашање од понудените одговори!

1. ..........................................................................................?

1. Има рози, божури и лалиња со пријатен мирис.

2. ..........................................................................................?

2. Има јаболкници, цреши и сливи.

3. ..........................................................................................?

3. Во задниот дел од дворот баба ѝ одгледува свеж зеленчук.

4. ..........................................................................................?

4. Има мала дрвена клупа под едно старо дрво.

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## Сложени глаголски форми: ИМА/НЕМА-конструкција

**Да ги разгледаме примерите!**

| Пример 1 | Пример 2 |
|---|---|
| 1. **Имам** еден брат и една сестра. | 1. Ние **имаме направено** многу грешки. |
| 2. Јас **имам** куќа, **немам** стан. | 2. Јас **имав учено** за тоа во средно училиште. |
| 3. Ние **имаме** многу топло лето и ладна зима. | 3. Јас **немам видено** толку деца на едно место. |

Ако ги разгледаме примерите од колона 1, ќе забележиме дека формите ИМА/НЕМА се употребени за да покажат имање/немање. Примерите од колона 2 ни покажуваат сложена форма од **има/нема и глаголска придавка во среден род.**

Таквите примери влегуваат со сложена глаголска форма која во македонскиот јазик се нарекува **ИМА/НЕМА-конструкција.**

## Има/нема + глаголска придавка во среден род

## Вежби

**1. Прочитај и состави реченици од понудените примери во рамката!**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Во мојата градина ...... | има капини и малини | нема цреша | |
| Садено пробано | јадено направено | засадено ставено | |
| има краставици | има пиперки | нема клупа | |
| има лулашка | има многу дрвја | има дрвена ограда | има цвеќиња |

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................

.......................................................................................................

**2. Изменете ги деловите од речениците како во примерот!**

а) Тој ресторан **сум** го **посетил** неколкупати.
б) Тој ресторан го **имам посетено** неколкупати.

а) На таа трка се натпреварувал порано.

б) .......................................................................................................

а) Како дете сум се изгубил на одмор во Турција.

б) .......................................................................................................

а) Сме слушнале многу легенди за тој град.

б) .......................................................................................................

а) Јас сум пишувал песна за тој конкурс.

б) .......................................................................................................





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### МОЈАТА ГРАДИНА – БАЛКОН

...Кога Јана се врати од село и ја виде градината на баба му и дедо му на Марко, посака и таа да има своја градина. Ама таа немаше двор. Таа живееше во стан на петтиот кат. Но, имаше балкон, и тоа голем. На нејзиниот балкон мајка ѝ веќе имаше засадено неколку саксии со цвеќиња, па таа задача беше завршена.

– Ќе ми требаат уште саксии, ќе морам да одам да купам, – рече и побрза надолу по скалите каде што ја пресретна мајка ѝ на влезот.

– Еј, каде, каде, зошто толку брзаш? – ја праша таа.

– Мамо, одам да купам саксии! – рече задишано Јана.

– Саксии!!?? – зачудено извика мајка ѝ. – Што ќе ти се, Јана?

– Ми требаат за мојата градина, – возбудено соопшти таа.

– Ама каква градина Јана, ние немаме двор! – рече мајка ѝ.

– Знам, ама ќе си направам. Ќе биде иста како градината на Марко. Добро де, малку помала ќе биде, ама ќе биде убава, ќе видиш.

– Е ајде објасни ми како ќе го направиш тоа! – веќе заинтересирано ја праша мајка ѝ.

– Па, како прво, цвеќиња веќе имаме, долу пред зградата имаме дрвја, ама јас ќе засадам уште две, а на балконот во саксии ќе засадам домат, пиперка, магдонос и рузмарин, за почеток е доста. А, да! Ќе направам и куќичка за птици и мојата градина на балкон ќе биде многу убава. Ќе видиш.

Мајка ѝ, пред Јана да каже уште нешто, веќе трчаше кон продавницата, но што и да кажеше ќе беше залудно, па само рече: „Добро е, барем нема да купувам зачини од пазар.“ Слатко се изнасмеа и се качи во станот да го погледне за последен пат својот цветен балкон, пред да стане градина.



## РЕЧНИК

**посакува, посакувам, посакуваш; · посака, посакав; · соопшти, соопштив, соопшти; · саксија, саксии; · рузмарин; · балкон, балкони; · возбуден, возбудена, возбудено, возбудени; · заинтересиран, заинтересирана, заинтересирано, заинтересирани**

**Посака/посакува** – има желба, сака сè најубаво

**Балкон** = тераса.

**Возбудено** – спротивно од смирено.

**Соопшти/соопштува** – информира за нешто, дава информација.

**Заинтересирано** – покажува интерес.

**Рузмарин** – зимзелено растение кое се употребува за зачинување храна и правење чај.

**Залудно** – без резултат, без полза.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Од каде ѝ е идејата на Јана за градина?
- Во што живее Јана, во куќа или во стан?
- Опиши како Јана ја замислува својата градина!
- Што ќе има во градината на Јана?
- Дали ти имаш градина?
- Доколку живееш во стан, дали ти би ја искористил идејата на Јана?

## Вежби

**1. Пополни ги празните места со формите од рамката!**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| има | имаш | имав | имаме | имате | имаат |
| немав | немаш | нема | немаме | немате | немаат |

а) Тој .................................... кафеави очи.

б) Мира и Васко.................................... две деца.

в) Јас .................................... кафеава коса, а ти .................................... црна.

г) Вие .................................... црн автомобил.

д) Ние .................................... стан во Охрид.

ѓ) Тој .................................... куче. Тоа .................................... една година.





## Предлог-задача:

На посебни ливчиња напишете ги зборовите од колоните 1 и 2 од примерот! (Секој збор на посебно ливче.) Свиткајте ги и измешајте ги! Зборовите од колоната 2 напишете ги на табла! Поделете се во две групи и започнете со влечење по едно ливче наизменично! Доколку извлечете ливче од втората колона, напишете реченица со тој збор! Кога веќе ќе имате пет реченици, кажете: Бинго!!! Честитаме! Вие сте победници.

| **Колона 1** | **Колона 2** |
|---|---|
| автомобил | цвеќе |
| сол | дрво |
| молив | зеленчук |
| тетратка | овошје |
| книга | јаболко |
| зајак | морков |
| задача | клупа |
| мајка | трева |
| куќа | птици |
| врата | градина |
| мисла | |
| тага | |
| среќа | |
| телефон | |
| лист | |
| пат | |
| вода | |
| блуза | |



# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## МИЛЕНИЦИ

Секој барем еднаш дома има чувано некое милениче: куче, маче, папагал, желка, рипче, зајче, канаринец, морско прасе. Има уште многу други кои сами ги избираме и сакаме да ги чуваме, а тие стануваат уште еден член од нашите семејства. Тие се радост, даруваат само љубов, а за возврат бараат да ги храниме и да им го даваме нашето внимание. Тие не знаат да зборуваат, а сепак знаат да кажат многу. Многу едноставно, домашните миленици стануваат наш извор за среќа, стануваат наши најдобри пријатели.

### Вежба

**Одбери животно од илустрациите, опиши го, а потоа напиши некој интересен факт како овој за желките.**

**Пример, желките се присутни на Земјата од времето на диносаурусите.**















## РЕЧНИК

**избира, избирам, избираш;**
**дарува, дарувам, даруваш;**
**извор, извори;**
**едноставно**
**возврат**

**Бираме** – избира, одбира, селектира, издвојува од целина.

**Даруваат** – даде, дава некому нешто.

Пример: Тој дарува само среќа и љубов.

**Возврат** – врати некому со иста мера или на сличен начин.

**Едноставно/едноставен/едноставни** – не е сложен.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Дали некој од вас има домашно милениче?
- Да го опишеме домашното милениче на вашиот пријател или сосед!
- Што мислиш, дали желбата и грижата за домашно милениче е минлива?

Велат дека кучето наликува на својот сопственик. Дали се согласуваш? Разговарајте во одделението за тоа!



**За да видите дали има вистина во тоа, направете го квизот кој е од забавен карактер!**



Погледнете ја добро сликата погоре! Таа Ви кажува каква личност сте навистина. Првото животно кое ќе го забележите на неа го дава вашиот карактер. Ајде да се забавуваме!

1. **Тигар**

   Тигарот претставува енергија и моќ. Оваа личност има силен карактер и е бунтовник по природа. Многу е немирен и недисциплиниран. Поради своите големи цели и амбиции, оваа личност може да достигне голем успех во животот, но само ако ги слуша памeните совети и мислењето на другите.

2. **Орел**

   Орлите се многу амбициозни и ќе направат сè за да ги постигнат своите цели. Исто така, тие се многу грижливи луѓе, па често помагаат на сите. Не сакаат неправедност и не сакаат да навредат некого. Секој може да се потпре на нив.

3. **Куче**

   Овие личности се најискрените и најпосветените личности. Секогаш ја спроведуваат правдата, па знаат да се борат до крај кога ќе видат дека нешто не е фер. Ова може да ги доведе до долги дискусии, па дури и расправии со други луѓе.





**4.** **Слон**

Мудри, тврдоглави, авторитетни. Секој ден добро го планираат пред да го почнат.

**5.** **Жаба**

Секогаш се релаксирани, мирни. Постојано набљудуваат, анализираат и внимаваат. Понекогаш, тие толку многу чекаат, што можат да пропуштат многу шанси во животот.

**6.** **Риба**

Имаат висока интуиција, па често знаат да ги избегнат пречките. Многу се упорни и победуваат во своите војни малку по малку. Тие се најдобри во чување тајни како свои така и на другите.

### Задача

Пронајди ги непознатите зборови од квизот погоре и обиди се да го пронајдеш нивното значење!









# УЧИЛИШТЕН ЖИВОТ

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ОКОЛИНАТА

Јована многу сака цвеќиња. Таа порасна со цвеќиња и растенија. На денот кога се родила, нејзиниот татко насадил дрво – магнолија во нивниот двор. Од тој ден тие двете растат заедно.

Затоа Јована сака да сади, да полева и да одгледува цвеќе.

Кога оди на планина, Јована сади дрвце, го обележува и го препознава следниот пат кога доаѓа на истото место.

Берна многу сака да рециклира. За рециклирањето се информираше во училиште. Училиштето организираше обука на оваа тема. Откако дозна сè за рециклирањето, Берна се грижи за секое ѓубренце. Таа секое ѓубренце го става каде што треба.

Децата од соседната улица имаат здружение „Екопатрола“. Тие опоменуваат, потсетуваат на еколошките навики и им помагаат на вработените од „Комуналец“. Тие се грижат ѓубрето да е на соодветно место.



## РЕЧНИК

**Рециклира, рециклирам, рециклираш;**

**сади, садам, садиш;**

**магнолија, магнолии;**

**спомен, спомени;**

**знак, знаци;**

**здружение, здруженија;**

**обука, обуки.**

## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Магнолија** – украсно дрво со прекрасни и мирисни цветови.
- **Спомен** – предмет кој вообичаено е подарок што служи за сеќавање на некого или на нешто.
- **Знак** – белег, писмена ознака, цртеж со кој се одбележува нешто. На пример: математички знак, сообраќаен знак, правописен знак.
- **Рециклира** – се обновува, од старо се прави ново.
- **Обука** – усвојување на определени знаења и искуства.
- **Здружение** – организација на лица поврзани со исти идеи и цели.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Дали вие се грижите за природата како Јована, Берна, Ветон? Дали рециклираш?
- Дали го фрлаш ѓубрето во корпа за отпадоци? А твоите другари, дали го фрлаат ѓубрето во корпа за отпадоци?
- Дали ја газиш посадената трева во парковите и ги уништуваш цвеќињата и дрвјата во парковите?
- Дали си видел некој да го прави тоа и дали си реагирал?



### Вежби

**1.** Пополнете ги празните места!

Јована сака да сади ..................................

Кога се родила, татко ѝ засадил ..................................во дворот за да .................................. заедно.

Берна сака да ..................................

За рециклирањето Берна се информира .................................. Таа секое ѓубренце ..................................

Децата од соседната улица имаат .................................. Здружението се вика „..................................“.

Се грижат .................................. да е на ..................................

### Задача 1

Опиши ја твојата околина! Обрни внимание на тоа колку се внимава на почитувањето на еколошките препораки! Пример: Во моето место е многу чисто. Не се фрлаат отпадоци. Оние кои фрлаат ѓубре на несоодветно место плаќаат казна во општината.

### Задача 2

Направи постер за Денот на планетата Земја и стави порака на него!

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## Што знаеме за климатските промени? Дали човекот е најголемиот уништувач на природата?

### ГЛОБАЛНИ И НАШИ ЕКОСОСТОЈБИ



**ДАРКО:** Денес прочитав информација дека се случил силен земјотрес во Јапонија.

**САРА:** Навистина? Пак ли? Мислам дека пред неколку месеци прочитав дека Јапонија била погодена од силен земјотрес.

**ДАРКО:** Да, но тогаш земјотресот се случил на дното од океанот и се кренал висок бран кој се нарекува цунами. Цунамито направило многу материјална штета и човечки жртви.

**САРА:** Ах тие природни катастрофи: земјотреси, поплави, вулкански ерупции, пожари, торнада, урагани! Доаѓаат ненадејно, уништуваат сè пред себе.

**ДАРКО:** Сара, дали знаеш за некоја природна катастрофа која ја погодила Македонија?

**САРА:** Да, читав за земјотресот во Скопје. Се случил на 26 јули 1963 година. Луѓето сè уште спиеле. Куќите паѓале како да се од картон. За неколку минути градот бил срушен. Во земјотресот настрадале 1 070 луѓе. Градскиот музеј во Скопје е остаток токму од старата железничка станица од тоа време.

**ДАРКО:** Ајде да одиме да го посетиме, навистина ме интересира!

**САРА:** Да одиме...

### РЕЧНИК

**Уништува, уништувам, уништуваш;**
**гради, градам, градиш;**
**информација, информации;**
**дно, дна;**
**земјотрес, земјотреси;**
**океан, океани;**
**бран, бранови;**
**жртва, жртви;**
**хуман, хумана, хумано, хумани;**
**срушен, срушена, срушено, срушени;**
**природна катастрофа, природни катастрофи;**
**железничка станица;**
**цунами, торнадо, ураган;**
**материјална штета;**
**ненадејно.**

## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Земјотрес = потрес** – природна појава којашто се појавува поради движењето на Земјината кора.
- **Дно** – тврда земјена површина.
- **Цунами** – природна појава која се појавува од бран кој е создаден од земјотрес.
- **Материјална штета** – загуба, губење.
- **Торнадо** – силно вртење на ветрот.
- **Ураган** – силен ветер проследен со дожд, невреме.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каква информација прочитал Дарко?
- Како се случило цунами во Јапонија?
- За кои природни катастрофи знае Сара?
- Дали ти знаеш за некоја природна катастрофа што се случила во светот или кај нас? Раскажи!
- Дали природните катастрофи се последица од еколошката негрижа на човекот?

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

### Учиме за...

**Безлични реченици и безглаголски реченици**

Да ја разгледаме реченицата: Ја сунѓер со табла Дамјан брише.

Дали е реченицата правилно напишана? Напиши ја во точната форма и обиди се во неа да ги пронајдеш главните реченични членови: подмет и прирок!

Дамјан ја брише табла со сунѓер.

Кога имаме ваква реченица, подметот и прирокот ни даваат информации и за вршителот на дејството и за самото дејство.

Но, постојат реченици во кои нема подмет, но и реченици во кои нема прирок, односно, глагол. Тие реченици се употребуваат во разговорниот стил или пак во уметничкиот стил.

Примери за безлични и безглаголски реченици:

а) Безглаголски реченици во кои нема глагол или прирок.
**На пример: Магла. Студ. Горештина. Сите по дома.**

б) Безлични реченици кои немаат подмет, вршителот на дејството не може да се определи.
**На пример: Грми. Се стемни. Истура. Ми се јаде.**

## Вежби

**1.** Обиди се да ги дополниш речениците користејќи го текстот „Глобални и наши екосостојби“!

Дарко прочитал информација дека........................................ Земјотресот во Јапонија се случил на ....................................................... кој предизвикал цунами. Цунамито направило голема .............................................. и однело човечки жртви.

Земјотресот во Скопје бил на ......................................................... Во земјотресот настрадале ......................................

**2.** Пронајди пет збора во текстот „Глобални и наши екосостојби“ кои опишуваат природни катастрофи!

Цунами...

**3.** Примени го знаењето за **безлични и безглаголски реченици**! Пронајди ги и подвлечи ги во текстот!

...Конечно моето прво кампување. Бев пресреќна. Првата вечер бев преморена од долгото пешачење низ планината. Втората вечер бев прва на забавата. Но, загрме. Неочекувано заврна. Се исплашив. Влеговме во шаторот, но бевме тажни. Дождот го изгасна нашиот камперски оган, а ние моравме на спиење.







# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## Како да го спречиме глобалното уништување на планетата Земја?

Дали имаш идеја?

### ЕКОАКЦИИ ВО МОЈОТ ГРАД

Членовите на дружината „Екопатрола“ неколку дена се собираа на скалите пред куќата на Марко и по цел ден нешто се договараа. Еден ден во нивното маало дојдоа еден куп камери, новинари, претставници од комуналното претпријатие. Сите беа љубопитни да видат што се случува.

**АЛИ:** Доста е веќе, ние сме тинејџери и не сакаме повеќе да живееме во смет! Време е да нè слушнете и сите заедно да направиме нешто за природата! (*Одлучно и луто како возрасен зборуваше Али.*)

**НОВИНАРОТ:** А кој е вашиот план, каква идеја имате?

**АЛИ:** Зборувавме со многу организации и претпријатија, а и со градоначалникот. Собравме многу донации од кои ќе купиме млади дрвца и ќе ги даваме како замена на оние кои ќе ни донесат 15 пластични шишиња.

**НОВИНАРОТ:** Па тоа е одлична идеја, дали мислите дека конечно ќе почнеме да размислуваме за нашата иднина?

**АЛИ:** Ако можеме ние, кои сме уште деца, сигурно можете и вие возрасните.

Следуваше аплауз од присутните и задоволство на нивните лица. Акцијата започнуваше за неколку дена и сите беа возбудени.



## РЕЧНИК

**Присутни;**
**заминува, заминувам, заминуваш;**
**заминував, заминуваше, заминуваше;**
**дружина, дружини;**
**активен, активна, активно, активни;**
**маало, маала;**
**смет;**
**комунално претпријатие, комунални претпријатија;**
**шише, шишиња;**
**херој, херои;**
**донација, донации;**
**организација, организации;**
**претпријатие, претпријатија;**
**засаден, засадена, засадено, засадени;**
**одлучно;**
**претходно.**



## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Активни** – не се пасивни.
- **Маало** – одделен дел од градска или селска населба.
- **Смет** – ѓубре.
- **Херој, херои** – лица на некој настан што го привлекуваат вниманието и имаат извонредна храброст.
- **Донација, донации** – подарок, подарување.
- **Одлучно** – не ја променува својата одлука, цврст, решителен.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каков план имаше „Екопатролата“?
- Дали им беше успешен планот?
- Дали имало слична или каква било екоакција во вашата околина?
- Дај твоја идеја за екоакција во твоето место!

### Споредуваме

**Како се вика на твојот мајчин јазик: Акција на секоја локација?**

## Вежби

**Се потсетуваме за предлози. Каде треба да стојат во речениците?**

**1.** Дополни го текстот со зборовите кои следуваат! Примерот е во првата реченица. Некои од зборовите се повторуваат неколку пати.

На, во, под, низ, по, покрај, кон, за, околу, над, со, до.

**На пикник**

Нашето училиште заедно ...**со**... екоорганизацијата и наставничката од екоздружението Славица подготвуваа излет ............ Попова Шапка. Се сместивме ............ еден орев ............ една убава ливада ............ една рекичка и си уживавме. Горе ............ ливадата имаше чешма ............ чиста планинска вода. Сите одевме ............ неколкупати да се напиеме.

– Ми се јаде, рекоа неколкумина. По ручекот прошетавме ............ една шумичка која беше живеалиште ............ многу верверички. Малку подолу ............ патот некои луѓе правеле пикник, но си го заборавиле отпадот. На сите страни имаше шишиња, изгорени цигари, ќеси и што ли уште не. Земавме вреќа и го собравме целото ѓубре, а вреќата ја земавме ............ нас за да ја фрлиме кога ќе стигнеме ............ градот. Останавме ............ заоѓањето ............ сонцето. Залез. Тоа беше празник ............ очи. Се стемни. Се вративме дома. Беше тоа еден убав ден.



## Училиштен живот

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ШТО ВЕЛАТ ЗА УЧИЛИШТЕТО НЕКОИ ВРСНИЦИ:

| **Мелек** | **Зоран** | **Елена** |
|---|---|---|
| Јас сакам **да одам** на училиште бидејќи таму имам многу другари. Часовите ми се интересни, а одморите возбудливи. Најсреќна сум кога ќе го слушнам ѕвончето кое го означува крајот на часот. Омилени ми се часовите по Спорт затоа што играме одбојка, а јас многу сакам одбојка. Дури тренирам и за училишниот клуб. Многу сакам и Географија затоа што наставничката од секој час прави приказна, а гледаме и многу филмови за разни земји. | Не можам да дочекам **да завршам** основно училиште. Имам многу за учење и многу домашни работи. Немам време за ништо друго, само учам. Некои од наставниците се многу строги, а има и многу правила во училиштето: не трчај низ ходниците, не јади во училницата, носи опрема за спорт, не носи искинати фармерки. Но, ќе ми недостига наставничката по Македонски јазик. Само таа нè разбираше. Затоа сите многу ја сакаме. | На училиште ништо не ми е тешко. На сите тестови добивам високи оценки. Многу учам, ама и многу знам. Многу ми е интересно. Наставниците се одлични, секој прави неговиот час да е забавен. Понекогаш дури не учам дома, лекцијата ја знам на часот. Немам омилен предмет бидејќи сите ми се омилени. Секој на свој начин. Ама од наставниците најмногу го сакам наставникот по Ликовно. Ни даваше да цртаме слушајќи музика. Беше забавно. |





## РАЗГОВАРАМЕ

- Што велиш ти за училиштето? Напиши кратко и презентирај го мислењето пред другите!
- Нека ти помогнат прашањата:
  - Дали ти го сакаш училиштето?
  - Што ти се допаѓа во него, а што не?
  - Кој предмет најмногу го сакаш?
  - Кој наставник никогаш нема да го заборавиш? Зошто?



## РАЗГОВАРАМЕ за текстот

- Дали Мелек сака да оди на училиште? Зошто да или зошто не?
- Кој е омилениот час на Мелек? Зошто?
- Зошто Зоран не го сака училиштето?
- Кои се правилата во училиштето на Зоран?
- Зошто Елена го сака училиштето?
- Зошто Елена го сака часот по Ликовно?

## РЕЧНИК

**Означува, означувам, означуваш;**

**тренира, тренирам, тренираш;**

**училиштен клуб, училишни клубови;**

**правило, правила;**

**омилен предмет,омилени предмети;**

**возбудлив, возбудлива, возбудливо, возбудливи;**

**строг, строга, строго, строги.**

## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Училиштен клуб = секција.** (Јас сум во фудбалскиот клуб на училиштето. – Јас сум член во драмската секција.)
- **Правила** – прописи кои кажуваат како треба да се заврши нешто.
- **Едвај = одвај** – со мака, со голем труд, со краен напор.
- **Омилен предмет** – предметот кој најмногу го сакам.
- **Означува – обележува,** означува, има значење, значи.

### Споредуваме

**Како се кажува на твојот мајчин јазик: Времето во училиште е незаборавен дел од животот?**

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## Учиме за...

**ДА-конструкција**

Да-конструкцијата е сложена глаголска конструкција. Тоа значи дека покрај честичката ДА има и глагол. Тој глагол најчесто е во сегашно време.

**На пример: да одам, да завршам, да ги градиш.**

**Да си жив и здрав!**



## Вежби

**1. Да дополниме:**

Мелек сакаше да оди на училиште.

На часовите по Спорт Мелек сакаше да ..........................................................................

Зоран не сакаше да ..........................................................................

Во училиштето на Зоран не смееја да ..........................................................................

Елена сакаше да ..........................................................................







# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## Моето училиште е мојот втор дом!



### Лична карта на моето училиште

### УЧИЛИШТЕТО НА МАРКО

Моето училиште се наоѓа во центарот на градот. Тоа е современо училиште. Зградата е на три ката. Училниците се мали, ама имаме убав и голем училиштен двор. Кога е топло, во дворот можеме да играме фудбал, одбојка и кошарка. Во секоја училница има бела магнетна табла со маркер, проектор, клупи, столчиња и паметна табла. Имаме и интернет во секоја училница. Така имаме многу интересни часови. Заедно читаме, пишуваме, цртаме. Во секое одделение има околу 25 ученици, а сите најмногу се радуваме на часовите по Спорт бидејќи имаме голема спортска сала со многу реквизити. Наставниците се обидуваат да нè разберат. Нè учат многу нешта, најпрво дисциплина и одговорност, а потоа и добри навики, па така имаме канти за рециклирање на отпадоци, многу цвеќиња во ходниците и бројни училишни секции. Тука е и училишниот парламент, кој е вклучен во секоја одлука на училиштето. Нашето училиште е нашето второ семејство.

### РЕЧНИК

**Маркер, маркери;**
**паметна табла, паметни табли;**
**реквизит, реквизити;**
**секција, секции;**
**дисциплина;**
**училиштен парламент.**

**Современо** – модерно.

**Бела магнетна табла** – на која се пишува со посебен маркер (фломастер) и истото се брише со посебен сунѓер наменет за тоа.

### ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Проектор –** оптички апарат за пренесување зголемена слика на платно.
- **Спортски реквизити –** предмети кои се неопходни за часовите по Спорт.
- **Дисциплина –** строго утврден ред и правила и почитување на истите.
- **Училишни секции = клубови –** кои помагаат во развивање на личниот и социјалниот раст на учениците.

## Вежба

**Одговори со точно ✓ или погрешно ✗!**

Моето училиште е современо училиште. ☐

Во училиштето има зелена табла, креда и сунѓер. ☐

Училиштето на Марко има пет ката. ☐

Во секоја училница има интернет. ☐

Во секое одделение има околу 25 ученици. ☐

Училиштето на Марко нема спортска сала. ☐

## Задача 1

Опиши го твоето училиште!

## Задача 2

Наброј ги активностите на училишниот парламент во твоето училиште!

## АКТИВНОСТИ ЗА ПИШУВАЊЕ

### Раскажување

Раскажи за некој настан или случка од училиштето која се случила и на која си горд/-а и никогаш нема да ја заборавиш или пак раскажи за некоја непријатна случка која те растажила!

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

### Учиме за...

**Сложена реченица – зависносложена реченица**

Што е сложена реченица?

Кој од следниве примери е сложена, а кој проста реченица?

**Бев на училиште.**

**Бев на училиште и учевме две нови лекции.**

Сложената реченица е составена од дел-реченици. Во секоја дел-реченица има глагол. Дел-речениците можат да бидат во зависен и во независен однос меѓу себе. Во зависносложената реченица има главна дел-реченица и зависна дел-реченица.

**Сите ја <u>чекавме</u> вечерата додека мама <u>готвеше</u>. (Има една главна реченица и една зависна.)**

**Селанецот <u>беше</u> среќен поради тоа што <u>заврна</u> дожд.**

**Селанецот беше среќен. (Главна реченица.)**

**Поради тоа што заврна дожд. (Зависна реченица.)**

**Тој зборуваше силно <u>колку што го држеше глас.</u>**

**Тој зборуваше силно. (Главна реченица.)**
**Колку што го држеше глас. (Зависна реченица.)**





# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## СКРШЕНИОТ ПРОЗОРЕЦ

Во одделението IX-2 имаше 24 ученици. Класна на тоа одделение беше Маја, најдобрата наставничка по Физика. Сите ученици беа примерни, редовни и одговорни. Каква класна, такви ученици.

Еден ден се случи нешто во одделението. Класната ја повика Салие, претседателката на одделението.

Класната Маја за секој проблем имаше решение.

– Ајде Салие, кажи дали знаеш кој го скрши прозорецот од кабинетот по Информатика?

– Не знам, наставничке – веднаш одговори таа – но ќе откријам, не грижете се!

**Откако излезе од кабинетот на класната,** Салие беше загрижена. Знаеше дека оној кој го скрши прозорецот беше еден другар од нивното одделение. Тоа се случи на часот по Спорт. Момчињата играа фудбал и одеднаш топката летна и го скрши прозорецот на безброј парченца. Никој не сакаше да каже кој го скршил прозорецот.

Класната прашуваше, а учениците не сакаа другарот да биде казнет. Салие ѝ вети на наставничката, но вети дека и во одделението ќе најдат решение за проблемот без никој да настрада.

По долги разговори со нејзините соученици, Салие рече:

– Знам дека е несреќен случај. Не е само Горан виновен, ама одговорност мора да имаме.

– Ама, сите сме виновни! – рече Али – не треба само него да го обвинуваме!

– Тогаш, вака ќе направиме. **Штом  сите по малку сме виновни,** секој од нас ќе даде по малку пари и ќе го платиме прозорецот. Исто така, ќе се извиниме за несреќната ситуација и ќе ветиме дека во иднина ќе бидеме повнимателни – рече одлучно Салие.

Ја известија класната, за една недела собраа пари и ветија дека ќе бидат внимателни понатаму.



## РЕЧНИК

**Сруши, срушив, сруши;**
**настрада, настрадав, настрада;**
**обивинува, обвинувам, обвинуваш;**
**класен раководител;**
**генерација, генерации;**
**соученик, соученичка, соученици;**
**кабинет, кабинети;**
**решение;**
**одговорност.**

## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Класен раководител = одделенски раководител.**
- **Генерација** – луѓе родени во ист период/година.
- **Решение** – донесување одлука.
- **Се сруши** – се уништува, се руши.
- **Соученици** – лица кои учат или учеле заедно со некого.
- **Одговорност** – обврска за свесно и добро извршување на некоја работа.



### Споредуваме

**Како ќе кажеш на твојот мајчин јазик: Нашата класна е нашиот чувар?**

### Вежби

**1.** Дополни според содржината на текстот „Скршениот прозорец“!

Во одделението IX-2 имаше .................... ученици. Маја беше ............................................................

Претседател на класот беше .............................................. Еден ден тие имаа проблем. Го скршија ................................................ по Информатика. Одделението не сакаше да го издаде ..................................... дека го скрши прозорецот, па затоа имаа план. Одлучија ................................................ и да не го издадат Горан, бидејќи сите по малку беа виновни.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Колку ученици има во твоето одделение?
- Кој е ваш класен раководител, а кој е ваш претседател на класот?
- Кои се најчестите проблеми во твоето одделение?
- Дали во вашето одделение имало некој поголем проблем како проблемот во класот IX-2 и како го решивте?





# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## Учиме за...

**Временски зависносложени реченици**

КОГА, ШТОМ, ШТОТУКУ, ТУКУШТО, ОТКАКО, ОТКОГА, ПРЕД ДА, ДУРИ, ДОДЕКА.

Временските зависносложени реченици имаат главна и зависна дел-реченица. Во зависната дел-реченица е искажано времето кога се одвива дејството во главната дел- реченица. Сврзници карактеристични за временските зависносложени реченици се: кога, штом, штотуку, откако, откога, пред да, дури, додека.

Сврзниците се во зависната дел-реченица.

Низ примери тоа е вака:

**Откако излезе од кабинетот**, Салие беше загрижена.

Зависна дел-реченица — Главна реченица

**Кога играа фудбал,** го скршија прозорецот.

Зависна дел-реченица — Главна реченица

Тој влезе дома **откако му ја отворија вратата.**

Главна реченица — Зависна реченица

Тој ќе ја направи тортата **додека ти да дојдеш.**

Главна реченица — Зависна реченица

*** Кое правописно правило се крие во примерите, каде е запирката?**

Според правописот, ако зависната дел-реченица е на почетокот, таа се одделува со запирка.

Но, ако зависната реченица е по главната реченица, запирка не се пишува.

## Вежби

**2.** Направете временски зависносложени реченици употребувајќи ги зборовите:

Претседател на одделението – ..........................................................

Класен раководител – ..........................................................

Кабинет по Информатика – ..........................................................

Најдобра наставничка – ..........................................................

Директор на училиштето – ..........................................................

## Училишни активности

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ПАТРОНАТ НА МОЕТО УЧИЛИШТЕ ИЛИ ДЕНОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште се подготвуваше за патронатот два месеца. Цели два месеца беа подготовките затоа што се подготвуваше сценарио, сцена и гардероба. Училиштето носи назив „Гоце Делчев“, по историскиот великан Гоце Делчев, затоа и приредбата требаше да биде убава и богата.

Сите имаа задачи за патронатот. Вежбаа скоро секој ден. Бараа музика, повторуваа со часови. Наставничката по Ликовно образование го украси паното со многу цртежи за нашиот патрон. Секој час таа внимателно одбираше кој цртеж ќе се најде таму. Наставникот по Музичко образование имаше полни раце работа **бидејќи секој ден по часовите хорот на училиштето вежбаше** да ја испее совршено државната химна и химната на училиштето. Беше возбудливо **затоа што беа поканети многу гости.**

На денот на приредбата беше бркотница.

Учениците беа немирни и возбудени. Наставничките Елена и Сања десетина пати го повторија рециталот на сцената за да нема грешка. На првиот кат хорот пееше посветено, а тука беа и другите наставници кои помагаа околу сцената и сместувањето на гостите. Целата трема и возбуда заврши кога се вклучи рефлекторот **зашто директорката го отвори патрониот празник**. По завршувањето, присутните дадоа силен аплауз. Сите беа задоволни и наставниците, и учениците, и гостите.







## РЕЧНИК

**Подготвува, подговувам, подготвуваш;**

**подготовка, подготовки;**

**ракоплеска, ракоплескам, ракоплескаш;**

**сценарио, сценарија;**

**дизајн;**

**сцена, сцени;**

**брканица, брканици;**

**рефлектор, рефлектори;**

**задолжен, задолжена, задолжено, задолжени;**

**рецитали;**

**великан, великани;**

**украс, украси;**

**пано, паноа;**

**химна, химни.**

### Споредуваме

**Како ќе кажеш на твојот мајчин јазик: патронен празник на училиштето, државна химна, претстава?**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кога е патрониот празник на вашето училиште?
- Како вие се подготвувате за патрониот празник?
- Дали имате училишна химна?

## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Подготовка** – работа со која се овозможува да се изврши (оствари) нешто.
- **Сценарио** – текст врз основа на кој се снима филм, се прави некоја претстава.
- **Дизајн** – цртеж, план како ќе изгледа некоја сцена или градење на стан/куќа.
- **Сцена** – простор на кој се изведува претстава.
- **Рецитал** – настап на солист.
- **Великан** – значаен, голем, познат човек кој имал големо влијание врз човештвото.
- **Пано** – голема површина од платно која се наоѓа на ѕид.
- **Коригира** – поправа грешка.
- **Државна химна** – музичка композиција која повикува на историјата, борбата и традицијата на еден народ.
- **Напнатост** – состојба на душевна напрегнатост (под стрес).
- **Брканица** – бркање, гонење.
- **Рефлектор** – одбивач на светлина, одразувач на светлосни зраци.
- **Ракоплеска = аплаудира** – плескање со раце во знак на одобрување.

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## Учиме за...

**Причински зависносложени реченици**

Со причинските зависносложени реченици се искажуваат дејства, односно причините за одвивањето или неодвивањето на некои дејства. Причините се во зависната дел-реченица, а се однесуваат на дејството изразено во главната дел реченица. Карактеристични сврзници се: затоа што, бидејќи, дека, оти, поради тоа што.

Примери:

Тие беа загрижени **затоа што** немаа доволно време за подготовка.

Главна реченица — Зависна реченица

Хорот на училиштето вежбаше секој ден, **бидејќи** имаа настап.

Главна реченица — Зависна реченица

**Поради тоа што** беа изморени, веднаш заспаа.

Зависна реченица — Главна реченица

## Задача 1

**Заокружете го точниот одговор од а) до в) користејќи го текстот „Патронат на моето училиште“!**

**А. Подготовките за патрониот празник на училиштето траеја:**

а) два дена

б) две недели

в) два месеца

**Б. Сè било многу возбудливо затоа што:**

а) биле поканети многу гости

б) учениците не го знаеле текстот на рециталот

в) хорот не вежбал пеење

**В. Паното со цртежи го украси:**

а) наставничката по Музичко образование

б) наставничката по Македонски јазик

в) наставничката по Ликовно образование

**Г. Хорот на училиштето ја вежбаше својата точка:**

а) секој ден

б) секоја недела

в) секој месец

**Д. Аплаузот на присутните на крајот од претставата беше:**

а) силен

б) краток

в) долг





# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## МУЛТИЕТНИЧКА СРЕДБА

Кога бевме само еден месец до крајот на учебната година, добивме супер вест. Нашето училиште и училиште во Бодрум, Турција, станале училишта пријатели. Требаше десетина ученици од нашето училиште да заминат таму и да видат како нивните другари во Бодрум ги минуваат последните денови од учебната година. Со нетрпение го чекавме моментот кога требаше да заминеме.

Патувањето беше одлично бидејќи цел пат во автобусот се пееја песни. Сите бевме среќни затоа што новите авантури и новите пријатели нѐ чекаа. Кога пристигнавме, не дочека насмевката и топлото добредојде на директорот. Не го разбиравме нивниот јазик, но среќа што знаевме англиски. Штом го испивме турскиот чај, нѐ сместија во домовите на неколку наши врсници од таму, а секој ден одевме заедно до нивното училиште. Имаа современо училиште и многу кабинети за практична настава. Имаа одлични спортски терени и спортска сала. Часовите по Хемија и Физика беа најинтересни затоа што наставниците изведуваа експерименти заедно со учениците. Деновите брзо минуваа, па моравме да се вратиме. Но, другарството овде не заврши затоа што во септември тие требаше да дојдат кај нас. Беше тоа едно убаво мултиетничко дружење. Бевме различни по вера и јазик, ама сепак бевме исти по душа.



## Вежба 1

**Прочитај го текстот „Мултиетничка средба“ и обиди се да ги пронајдеш точните искази!**

**Одговори со Т (точно) или ⊥ (неточно)!**

1. Цел месец учениците од Македонија беа во посета на училиштето во Бодрум. ..........
2. Можеа слободно да се разберат бидејќи зборуваа на ист јазик. ............
3. Училиштето им беше современо и со практична настава. .............
4. Најинтересни беа часовите по Музичко и Историја. .............
5. Во јануари, учениците од Бодрум треба да ја посетат Македонија. ...........

## Вежба 2

Во текстот има неколку временски и причински зависносложени реченици. Обиди се да ги пронајдеш и да ги запишеш!

## Вежба 3

Веќе е септември. Учениците од Бодрум, Турција, се подготвуваат за посета на училиштето кај нас. Обиди се да замислиш дека твоето училиште е училиште домаќин и состави краток текст за тоа! Искористи ги простите реченици и сврзниците од рамката и направи зависносложени реченици!

Има интернет во секој кабинет. бидејќи затоа што

поради тоа што оти Организираме хуманитарни акции.

кога штом штотуку

откако дури додека

Имаме училиштен парламент.

Забрането е користење на мобилни телефони.

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

**„Ако не можеш да нахраниш 100-тина луѓе,
нахрани само еден човек.“**

*Мајка Тереза*

**Дали знаеш која е Мајка Тереза?
Разговарајте и истражувајте!**

## ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ

Мајка му на Дритон работи во училиште за деца со посебни потреби, па тој често оди кај неа на работа. Чувствуваше голема тага кога ќе ги видеше нејзините ученици, некои од нив и негови врсници. Но, не поради тоа што се со посебни потреби, туку затоа што многумина од нив немаа семејства. И покрај сè, тие имаа насмевки на лицата и добрина во очите. Еден негов врсник, Филип, беше без обувки на нозете, иако надвор беше многу студено и имаше снег. Беше зима. Наместо топла зимска јакна, тој носеше неколку искинати џемпери. Беше тажно да се гледа. Кога Дритон ја праша мајка си зошто неговите го пуштиле така да оди в училиште, таа му објасни дека неговото семејство го напуштило уште кога бил многу мал и никој не се грижи за него. Тоа беше доволно Дритон да добие идеја и да направи хуманитарна акција во неговото училиште. Заедно со членовите на Црвениот крст направија соопштение, па со дозвола од директорот на училиштето влегоа во секое одделение и го прочитаа:

**СООПШТЕНИЕ**

Почитувани наши другари и ученици,

Да се биде хуман е најдоброто нешто што можете да го сторите, затоа нашето училиште организира хуманитарна акција за алишта, обувки, ранци и сè она што мислите дека е корисно и некому ќе му значи. Има деца на кои тоа ваше нешто ним ќе им значи многу. Затоа, бидете хумани и во понеделник, во 8:00 часот, донирајте го она што е ново или скоро ново, а заборавено во вашите плакари! Бидете добри, бидете хумани! Некому навистина му е потребно тоа. Бидете насмевка на нечие лице!

Акцијата почна во понеделник, точно во 8:00 часот. Тој, Ана и Бера стоеја на штанд пред влезот на училиштето, а Црвениот крст направи кутија во која ќе се донираат парични средства, па тие беа задолжени за тоа. Учениците почнаа да доаѓаат, а секој со себе носеше барем една кеса полна со алишта или обувки. За само еден час тие веќе имаа доволно алишта и обувки за многу деца. Беа пресреќни. Се полнеше и кутијата за парични средства, па кога ја отворија, во неа имаше доволно пари да купат некои намирници, кои ќе ги израдуваат Филип и другите децата во училиштето на мајка му на Дритон. Не можете да замислете колку пак тие беа среќни што секој од нив доби многу нови работи. Дритон и неговите другари беа задоволни што успеаја да бидат среќа некому, но и да си добијат уште многу нови другари.

## РЕЧНИК

**Организира, организирам, организираш;**
**донира, донирам, донираш;**
**организира, организирам, организираш;**
**хуман, хумани;**
**хуманитарна акција, хуманитарни акции;**
**соопштение, соопштенија;**
**посебни потреби;**
**акција, акции;**
**плакар, плакари;**
**штанд, штандови;**
**намирница, намирници.**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде работи мајка му на Дритон?
- Опиши ги чувствата на Дритон кога одел на посета во тоа училиште!
- Каква идеја добил Дритон?
- Дали била успешна хуманитарната акција?
- Дали вие имате направено некоја хуманитарна акција во вашето училиште?
- Обиди се да извлечеш една порака или мисла инспирирана од текстот **„Хуманитарна акција во моето училиште“!**

## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Лица со посебни потреби** – се лица на кои им е потребна помош поради некоја попреченост од физичка, ментална или психолошка природа.
- **Врсници** – лица со приближно иста возраст со некого.
- **Хуманитарна акција** – собирање помош во храна, облека, обувки, хигиенски средства за лица на кои им е најпотребно.
- **Соопштение** – соопштување/предавање информации за некого или за нешто.
- **Акција** – работа, дејност, дејство.
- **Штанд** – изложбен или продажен простор.
- **Донираат** – подаруваат средства кои се собрани со цел да му се помогне некому.
- **Намирници** – прехранбени производи.
- **Хуман човек** – човек којшто помага на сите.

## Задачи

**1. Обиди се да раскажеш една случка каде што си бил хумана личност и си помогнал некому! При раскажувањето, обиди се да ги искористиш зборовите од рамката**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Хуман | хуманитарна акција | хуманост | донира | собира | |
| треба | дава | помага | тажен | среќен | изненаден |
| возбуден | нема | има | чувствува | храна | |
| облека | хигиенски средства | | | | |

**2. Дополни ги речениците!**

а) Треба да бидеме хумани затоа што ..........................................................................................

б) Кога ќе видиме лице со посебни потреби, не треба да ..............................................

в) Донираме облека, обувки, хигиенски средства затоа што..........................................

г) Си помагаме меѓу себе бидејќи тоа нè прави ...........................................................................



# ЖИВОТ ВО ГРАД ИЛИ ЖИВОТ НА СЕЛО

## Дали селскиот или градскиот живот е поубав, поинтересен или поздрав?

## Што мислите Вие?

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ЖИВОТ НА СЕЛО – ПЕЈЗАЖ ОД МОЈОТ ПРОЗОРЕЦ

Се викам Ева. Со мајка ми, татко ми и брат ми Јован живееме во едно мало село. Имаме еден голема фарма и една куќа. Куќата е на два ката. На првиот кат има кујна, дневна соба, трпезарија и тоалет. На вториот кат има спална соба и две детски соби со купатило. Мојата соба се наоѓа на источната страна и има голем прозорец. Кога ќе го отворам прозорецот, пред мене има голема зелена полјана со многу дрвја, а над дрвјата се наоѓа голема планина каде што често одиме со брат ми по капинки и диви јагоди. Најубаво е наутро затоа што птиците имаат утрински концерт. Се слуша само нивното весело црцорење. А кога доаѓа пролет, мирисот на свежа искосена трева е секојдневно во мојот дом.

Имаме и нива каде што јас, татко ми и брат ми садиме разновиден зеленчук и овошје, а садиме и пченица и сончоглед. На фармата пак имаме крави и кози, **така што** мајка ми од нивното млеко прави сирење, путер и кајмак. Татко ми пак произведува мед. **Толку** многу го сакам неговиот мед **што** можам да изедам и цела тегла.

Секоја сабота одиме во град. На пазарот го продаваме органскиот зеленчук и органското овошје, свежото сирење, кајмакот, путерот и ливадскиот мед. Граѓаните ги сакаат органските производи, **така што** брзо продаваме сè.

Тешко е да се живее и да се работи на село, но нема ништо поубаво од спокојниот живот и природата во нашиот селски крај.







## РЕЧНИК

**Фарма, фарми;**

**полјана, полјани;**

**црцорење;**

**искосен, искосена, искосено, искосени;**

**штала, штали;**

**кајмак, кајмаци;**

**органски производ, органски производи.**

**Фарма –** имот на кој се одгледуваат земјоделски култури или стока и живина.

**Полјана** – пошироко рамно земјиште со ниска трева.

**Штала –** куќарка за животни.

**Органски производи** – производи кои наместо со вештачки препарати се третирани со природни, билни производи.

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

### Учиме за...

**Последични зависносложени реченици**

Со овие реченици откриваме која е последицата од дејството што се случува во главната реченица. Тоа ни го покажува зависната реченица.

Сврзници кои ги имаат овие реченици се: ТАКА ШТО, ТОЛКУ... ШТО, ТАКВИ... ШТО, ТАКА... ШТО.

Низ примери тоа е вака:

Тој **толку** брзо трчаше **што** никој не можеше да го стигне.

Зависна реченица — Главна реченица

Дојде многу доцна, **така што** го пропушти почетокот на филмот.

Главна реченица — Зависна реченица

* **Правописно правило:** Речениците кои го имаат сврзникот **така што** редовно се одделуваат со запирка.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каква е куќата на Ева?
- Опиши што гледа Ева од својот прозорец!
- Што одгледуваат на нивата?
- Што прави од млекото мајка ѝ на Ева?
- Каде одат секоја сабота тие? Зошто?
- Дали ти сакаш да живееш на село? Објасни зошто **да**, а зошто **не**!

### Задачи

**1. Во текстот „Живот на село – Пејзаж од мојот прозорец“ има неколку последични зависносложени реченици, пронајди ги и посочи ги сврзниците во нив!**

.................................................................................................................................................

.................................................................................................................................................

.................................................................................................................................................

**2. Поврзи ги речениците со точните последични сврзници!**
**На пример: Имаме голема нива. Садиме разновиден зеленчук.**
**Имаме толку голема нива што садиме секаков разновиден зеленчук.**

а) Понекогаш имаше многу работа. Не можеше да ја собере пченицата.

б) Цвеќињата многу мирисаа. Секој ден имаше нов грст во вазната.

в) Медот беше многу вкусен. Брзо се продаваше.

г) Животот на село е многу убав. Не сакам да го оставам за ништо на светот.

**3. Прошири ги речениците со последични зависносложени реченици!**

а) Надвор толку сјаеше сонцето.......................................................................

б) Денес бев толку среќен...............................................................................

в) Сите љубопитно гледаа ...............................................................................





# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

**„Било град или село, најсреќен човек на светот е оној кој е спокоен во својот дом.“**

## ГРАДОТ НА МОЈАТА ДУША

Јас сум Џејла. Со моето семејство живеам во еден голем град. Мајка ми е службеник во една голема фирма. Нашата зграда се наоѓа во еден жив кварт. Овој кварт е близу до центарот на градот. Нашиот стан има една спална соба и една детска соба и се наоѓа на седми кат. Дневната соба не е многу голема. Не е голема ни трпезаријата. До трпезаријата е кујната. Станот е мал, ама практичен. Станот има балкон кој е полн со цвеќиња. Од балконот го гледам градот.

Ние сме многу среќни. Сѐ е многу блиску до нашата зграда. Зад зградата има голем паркинг, а пред зградата автобуска станица. Спроти зградата има маркет каде што пазарувам секој ден. Блиску до маркетот има аптека, банка, ресторан и пицерија. Често одиме на ручек таму бидејќи мајка ми многу работи и нема време да готви. Лево од зградата има пошта, бурекчилница и слаткарница. Татко ми е редовен муштерија во слаткарницата, обожува колачи.

Во градот, воздухот често е валкан, има метеж и врева. Најголем проблем ни е паркингот и сообраќајот, но има и свои предности. Најдобрите места за забава, спортски сали, кина, театри се во градот. Тука животот е брз и динамичен, но мојот рај е мојот дом на седми кат.



## РЕЧНИК

**Кварт, квартови; практичен, практични; муштерија, муштерии; службеник, службеници; метеж.**

## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Кварт** – дел од градот.
- **Практичен** – корисен, вешт.
- **Муштерија** – корисник на занаетчиски или други вештини.
- **Метеж** – мешаница, неред, немир.
- **Службеник** – вработен во јавна администрација.

## Задачи

**1. Разговарајте за изреката: Подобро прв во село отколку последен в град!**

**2. Во текстот „Градот на мојата душа“ има неколку зависносложени реченици. Пронајди ги и обиди се да откриеш какви се според сврзниците коишто ги учевме!**

..........................................................................

..........................................................................

..........................................................................

..........................................................................

..........................................................................

..........................................................................

..........................................................................

..........................................................................

..........................................................................

**3. Направи постер од градот на твојата душа!**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде живее Џејла?
- Опиши го станот во кој живее Џејла!
- Опиши што има во близина на домот на Џејла!
- Што ѝ се допаѓа во градот, а што не?
- Кои се предностите на градот?
- Поради што или поради кого не би го замениле своето место на живеење за ниеден друг град во светот?



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### Тема за дискусија: Дали би го замениле своето место на живеење?

### НОВИОТ ЖИВОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НА БОРА

Пред една година семејството на Бора се пресели од град во село каде што животот на Бора многу се промени. Селото не е многу оддалечено од градот, па тој може без проблем да се гледа со пријателите.

Живееја четиринаесет години во центарот на градот. Животот за нив бил динамичен, со многу обврски во текот на денот. Бора по часовите одеше на курс по англиски и компјутери, а беше и добар спортист, тренираше одбојка и кошарка. Целото семејство до доцна навечер беше со многу обврски. Во слободно време семејството излегуваше со пријателите. За викенд одеа на ручек во ресторан, а барем еднаш неделно на кино, театар или концерт.

Сега Бора со своето семејство на село живее спокоен живот. Секој ден се будат и легнуваат со звуците на природата. Слободното време го минуваат заедно, дома, читајќи книга, гледајќи телевизија, спортувајќи или едноставно уживајќи во долгите прошетки со своите кучиња. Сега имаат време колку што сакаат, па не одат во ресторан. Ручаат дома. Ги користат органските производи од својата градина и уживаат во мирисот од кујната.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Што мислиш за Бора, каде е посреќен, кога живеел во град или кога живее сега на село?
- Кои биле предностите на градот, а кои на селскиот живот?
- Дали е полесно да се живее на село или во град?
- Дали ти сакаш да живееш во голем град или помало место?
- Дали размислуваш некогаш да го промениш твоето место на живеење и зошто?

## РЕЧНИК

**Пресели, преселив, пресели;**

**оддалечен, оддалечена, оддалечен;**

**обврска, обврски.**

## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Се пресели** – живее на друго место.
- **Оддалечено** – што е далеку, што се наоѓа на растојание.
- **Секојдневие** – се случува секој ден.
- **Обврски** – определена задача или обврска што мора да се изврши.

### Задача 1

**1. Ги следиме одговорите – правиме прашање.**

а) ..........................................................................................................?

Пред една година семејството на Бора се пресели од град во село.

б) ..........................................................................................................?

Не, селото не е оддалечено од градот.

в) ..........................................................................................................?

Бора по часовите одел на курс по англиски и компјутери, а тренирал и кошарка.

г) ..........................................................................................................?

Слободното време го минуваат заедно, дома, читајќи книга, гледајќи телевизија, спортувајќи.

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Односни зависносложени реченици**

Тие победија на натпреварот, што беше вистинско изненадување.

Главна реченица | Зависна реченица

Бора се пресели од град во село каде што животот многу му се промени.

Главна реченица | Зависна реченица

<u>Односните зависносложени реченици</u> се однесуваат (ни го покажуваат односот) на дејството во главната реченица (првиот пример) или на само еден член од главната реченица (вториот пример).

Така, на прашањето: На кој му се промени животот кога се пресели од град во село?, добиваме одговор: На Бора.

**Сврзници кои ќе ни помогнат во правењето односни реченици се сите заменски зборови:**

**Односни заменки: што, кој, којшто, чиј, чијшто.**

**Односни заменски придавки: каков што, колкав што.**

**Односни заменски прилози: каде што, кога, како што, колку што.**

### Задача 2

Обиди се во следниве **<u>односни зависносложени реченици</u>** да го пронајдеш и да го заокружиш сврзникот, а потоа да ги потцрташ главната и зависната реченица:

Поштарот ми го донесе куферот којшто го испратил татко ми.

Оној кој знае да ги сокрие своите слабости заслужува внимание.

Кој последен се смее, најслатко се смее.

Наградата ја доби ученикот чијшто цртеж беше најдобар.

# ЈАЗИКОТ НИЗ ПРИМЕРИ

## Вежбаме последични и односни зависносложени реченици

### Задача 1

**Билге и Каан патуваат низ Македонија. Тие му праќаат пораки на Марко. Напиши како Марко ѝ ги раскажува пораките на Ана! При раскажувањето употребувај последични и односни зависносложени реченици!**

**Пример: СМС: Изнајмивме кола и заминавме за Маврово.**

**Марко: Изнајмиле кола, <u>така што</u> потоа заминале за Маврово. (Последична зависносложена реченица.)**

**СМС: Стигнавме во Маврово. Решивме да останеме еден ден.**

**Марко:** ...................................................................................................

...................................................................................................

**СМС: Возевме два часа до Дебар. Имаше многу гужва по патот.**

**Марко:** ...................................................................................................

...................................................................................................

**СМС: Застанавме кај Дебарско Езеро.
Дојде еден човек. Купивме риба од кај него.**

**Марко:** ...................................................................................................

...................................................................................................

**СМС: Отидовме кај Арбен и Фетаи во Струга.
Таа ја направи рибата. Ручавме заедно.**

**Марко:** ...................................................................................................

...................................................................................................

**СМС: Билге отиде да купи охридски бисери.
Јас седнав во слаткарница да пробам охридска торта.**

**Марко:** ...................................................................................................

...................................................................................................

**СМС: Денес бевме на Галичица.
Пешачевме долго низ шумата. Видовме елен.**

**Марко:** ...................................................................................................

...................................................................................................




## Задача 2

**На празните места, напиши ги точните форми:**
**којшто, којашто, коешто, коишто!**

1. Бевме во тој ресторан ................................ ни го кажаа, храната беше одлична.

2. Никој не го знаеше ученикот ................................ дојде во нашето одделение.

3. Сите пријатели ................................................ ги повикав дојдоа на роденден.

4. Сакам да ја купам книгата ..................................................... ми ја раскажа вчера.

5. Момчето ........................................... ми се јави по телефон ми е другар од петто одделение.

# КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

## Рецепти од старите и новите кујни

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

**Би сакале ли да вкусите храна каква што е прикажана на фотографиите? Зошто би сакале или зошто не би сакале?**

## НА РУЧЕК КАЈ МАРКО

**МАРКО:** Мамо, ние дојдовме! Ова е Енис од Турција.

**ЛЕНЧЕ:** Добредојде Енис, како си?

**ЕНИС:** Одлично сум тетка Ленче, едвај чекам да ја пробам вашата сарма од лозов лист.

**МАРКО:** Мамо, Енис не сакаше да дојде, но кога му кажав дека за ручек имаме сарма, веднаш се согласи.

**ЛЕНЧЕ:** Ох, Енис, не треба да ти е срам, ова е и твој дом, кога сакаш си добредојден! Одете сега направете ја шопската салата, додека јас подготвувам таратур! Елена, дојди малку овде!

**ЕЛЕНА:** Повели, мамо! О, здраво, Енис! И ти ли ги намириса сармите на мама?

**ЕНИС:** Едвај чекам Елена.

**ЛЕНЧЕ:** Елена, намести ја масата те молам и стави од пинџурот и од домашното сирење што ни го прати баба ти од село!

**ЕЛЕНА:** Веднаш мамо! Повелете! Ајде на маса, ручекот е поставен!

**ЛЕНЧЕ:** Ах, еве го и татко ти! Отиде од кај тетка ви да ја земе баклавата со ореви, таа најубаво ја прави.

**ЈОВАН:** Да не почнавте без мене? Ќе ви се налутам.

**ЕНИС:** Не чичко Јован, па како, ако те нема тебе, ќе нема и баклава, а јас многу ја сакам.

**МАРКО:** Од сега секоја недела си кај мене на ручек, не сакам изговори.

**ЈОВАН**: На здравје да ви е деца, кога масата и куќата е полна и срцата се полни.



***Тајната на секој рецепт е една полна лажица љубов, а токму таа љубов нѐ зближува колку и да сме различни.***





## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Сарма од лозов лист** – јадење кое во Македонија е често на трпезата, може да биде од лозов лист или, во зима, од кисела зелка. Може да биде со месо, но и без месо, но каква и да е, често е на македонската трпеза.
- **Шопска салата** – салата од сецкан домат, краставица, кромид, а по желба и пиперка. Одозгора ја покриваме со рендано овчо сирење.
- **Таратур** – ако има сарма, има и таратур. Рендана или ситно сецкана краставица во кисело домашно млеко. Се меша со малку толчен лук и сол.
- **Пинџур** – македонската кујна е најпозната по многуте македонски пинџури, еден од нив е пинџурот од сецкани и испржени пиперки на кој се додава рендан домат. Се вари околу половина час и се додава толчен лук и сол.
- **Баклава со ореви** – најубава е кога корите за баклавата се свежо подготвени и се редат попрскани со зејтин. Две кори и ред ореви, се сече, а потоа се пече. Кога е готова, се полива со шербет.











## РАЗГОВАРАМЕ

- Од каде е другарот на Марко?
- Што сè имаше подготвено мајка му на Марко за ручек?
- Што мислите, кое јадење најмногу му се допадна на Енис?
- Кое јадење вие би го одбрале од трпезата на Марко?

## Задача 1

**Речениците во задачата се преземени од дијалогот „На ручек кај Марко“. Поврзете ги со лицата што ги кажуваат!**

ЕНИС МАРКО ЛЕНЧЕ ЈОВАН ЕЛЕНА

1. Мамо, ние дојдовме! Ова е Енис од Турција. Марко
2. Одлично сум тетка Ленче, едвај чекам да ја пробам вашата сарма од лозов лист. ____________
3. Ох, Енис, не треба да ти е срам, ова е и твој дом, кога сакаш си добредојден! ____________
4. Повели, мамо! О, здраво, Енис! И ти ли ги намириса сармите на мама? ____________
5. Отиде од кај тетка ви да ја земе баклавата со ореви, таа најубаво ја прави. ____________
6. Веднаш мамо! Повелете! Ајде на маса, ручекот е поставен! ____________
7. Да не почнавте без мене? Ќе ви се налутам. ____________
8. Од сега секоја недела си кај мене на ручек, не сакам изговори. ____________

## Задача 2

**Дополнете ги речениците со точната зборовна форма!**

мели меша лупи вари запржува пече готви пржи

1. Зеленчукот на пареа се ____________ половина час.
2. Во фурната се ____________ леб.
3. Компир манџата ____________, па се ____________ со црвен пипер.
4. Пиперот се ____________, па се додава доматот.
5. Се ____________ краставицата и се става сол.
6. Ајварот се ____________ и ____________ два до три часа.

## Задача 3

**Разговарајте и работете во пар! Направете дијалози кога сте на гости или кога некој е кај вас на гости: на вечера, на домашни колачиња, на чај, на домашно приготвен сок, на слатко!**





# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## Учиме за исказни зависносложени реченици

### ДОМАШНА ТАРАНА ОД СТАРИОТ ТЕФТЕР НА БАБА

Баба ѝ на Дани доби висока температура и веќе неколку дена беше во болница. Докторот рече **дека секој ден е сè подобро** и **дека наскоро ќе се врати дома**. За сè да биде во најдобар ред, таа и мајка ѝ отидоа кај неа да ја подготват куќата за нејзиното доаѓање. Додека ги преседуваше фиоките, Дани забележа еден дебел тефтер со зелени цврсти корици. Кога го отвори, внатре се криеја безброј рецепти кои таа ги пишувала за да биде секогаш така добра кога подготвуваше јадење. Немаше ништо повкусно од јадењата на баба ѝ – беше тоа реченица за која најмногу беше лута мајка ѝ на Дани.

Низ многуте страници го виде нејзиниот најомилен рецепт – рецептот за домашна тарана.

Ах, колку многу го сакаше, сега конечно го има во своите раце. Дани реши **да го искористи овој рецепт и да направи домашна тарана.**

ДОМАШНА ТАРАНА

Потребно е: 5 домашни јајца, половина литар домашно млеко, околу два килограми брашно, малку сол

Подготовка:

Се матат јајцата со околу половина рака сол. Кога убаво ќе се изматат, се додава пресното млеко и се меша уште пет минути. Потоа се става брашното на маса и полека се истура смесата во него. Постепено се замесува тврдо тесто. Кога тестото малку ќе одмори, се ренда со ренде од крупната страна. Изрендаваната тарана се става на чаршав и убаво се суши. Се превртува (промешува) неколкупати за убаво да се исуши од сите страни. Кога ќе биде готова, се дроби со рака и се чува во чиста платнена ќеса или книжна кутија. Се вари во вода со малку сол на тивко и при крај се посипува со загреан зејтин.

На здравје!



## РЕЧНИК со помошни изрази за готвење

**Се мати, се меша, смеса, замесува, тесто, се ренда, ренде, посипува, млако, горко, луто, свежо, се сецка, се вари, се сече, се толчи, се пече, се лупи.**

**Споредуваме**

**Заедно со наставникот објаснете ги изразите од речникот и кажете ги на вашиот мајчин јазик!**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кои јадења се карактеристични во вашето место?
- Кое е твоето омилено традиционално јадење?

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

### Учиме за...

**Исказни зависносложени реченици**

Учителката ме праша **дали сум напишала домашна работа.**

Прирок — праша
Зависна реченица — дали сум напишала домашна работа.

Со ваквите реченици се дополнува дејството од прирокот во главната реченица. Доколку не би постоела зависна реченица која ќе го продолжи дејството од главната реченица, мислата нема да биде јасна.

Пример: Обиди се.

Дали реченицата доколку би завршила вака е јасна?

**Учителката ме праша.** – Но што, зошто, како?

Затоа, она што следува во зависната дел-реченица ни дообјаснува што се бара во главната реченица.

Овие реченици ја објаснуваат содржината од прирокот во главната реченица и го продолжуваат исказот во него.

Сврзници кои ни помагаат да ги препознаеме ваквите реченици и полесно да направиме нови се: ДЕКА, ДА, ОТИ, ШТО, ДАЛИ, КАКОВ, ЧИЈ...

## Задача 1

**Напишете рецепт за некое традиционално јадење од твојот крај!**

Користете зборови како: **земете, ставете, изрендајте, додајте, испечете, сварете, посолете, истурете, мешајте, сервирајте!** Обидете се да употребите исказни зависносложени реченици употребувајќи ги сврзниците: **дека, да, оти, што, каков, чиј...!**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

## Задача 2

**Пополнете со сврзниците од исказни зависносложени реченици!**

а) Рече ____________ лимонот е многу кисел.

б) Не јаде риба ____________ е алергичен.

в) Кажа ____________ чајот е многу врел. Внимавај!

г) Отиде ____________ направи нешто за јадење.

## Се запознаваме со традиционални кујни во светот

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ХРАНАТА НИЗ СВЕТОТ

Секоја земја – своја приказна. Своја историја, култура, храна. Тоа може да е некој специјалитет, брза храна, пијалак, десерт. Како, на пример, Грција. Кој бил таму, а не пробал гиро, суфлаки или локумадес, исто како да не бил таму. Суфлаки е позната брза грчка храна која се прави од свинско, говедско или пилешко месо. Обично се сервира во чинија со компири и салата, но повкусно е кога е во сендвич од пита.





Во Јапонија пак суши е јадење од ориз во кое се додава киселина од ориз и свежа риба, како лосос или туна, завиткани во алга. Исечени на мали ролатчиња се јадат намачкани во соја сос.



Турција пак е препознатлива по безброј традиционални јадења. Тука појадокот е многу познат. На масата, за појадок ќе сретнете: сирење, путер, маслинки, домат, мед, кајмак, чај, џем, краставици, суџук, бурек, симит и слично. Покрај ова, десертите со фистаци (ф'стаци) се прекрасни. Најубаво е чоколадото фистак (ф'стак) од Газиантеп. Други познати турски специјалитети се: ќебапи, кадаиф, кунефе, ѓозлеме, менемен, ќофте, долма и многу други.





## РЕЧНИК

**Традиционална кујна, специјалитет, сервира, киселина, лосос, туна, алга, соја сос, препознатлива, суџук.**

**Традиционална кујна** – начин на готвење, типични јадења (за одделен народ, регион).

**Специјалитет –** посебен вид производ.

**Сервира –** поставува маса за јадење.

**Лосос** – вид риба со високи хранливи вредности.

**Суџук** – колбас подготвен од мелено или од сецкано говедско месо.

## РАЗГОВАРАМЕ

- По која храна е препознатлива Грција?
- Какво јадење е суши, како се приготвува?
- Каков е појадокот во Турција?
- Кои други јадења од светот ги имаш пробано?
- Дали знаеш некоја друга земја која е препознатлива по некој вид храна?

### Задача 1

**Пополнете ги речениците со поимите од рамката!**

варен   свежа   пржени
на скара   печено

а) Подгответе ми ја рибата ________________, ве молам!

б) Најлесно ми е да направам ________________ месо.

в) Со месото сакам и ________________ компири.

г) За десерт сакам овошна салата од ________________ овошје.

д) Ќе јадам ________________ зеленчук.

### Задача 2

**Што се вари, а што се пече? Што е слатко, а што е солено?**

пудинг од чоколадо   шпагети
супа   плескавица
пита   слатко од капини
топло чоколадо   гулаш
месо   сутлијаш

# ЧИТАМЕ/ПИШУВАМЕ

## Пишуваме дијалог

### НАЈУБАВИОТ РЕСТОРАН ВО МОЕТО МЕСТО

Менде е од Охрид, најубавиот град во Македонија. Охридското Езеро, стариот град и многуте цркви го прават посебен. Во центарот, кај големиот чинар, се наоѓа Охридската чаршија со многу ресторани. Менде со неговите мајка, татко и сестра секој викенд за ручек го посетуваат ресторанот „Одмор“.

**КЕЛНЕРОТ:** Добар ден, повелете! Што ќе нарачате?

**ТАТКОТО:** Донесете една шопска салата и едно шише минерална вода! За мене и една чаша традиционално македонско вино. Деца, вие што сакате?

**МЕНДЕ:** За нас една Цезар салата и два сока од портокал.

**КЕЛНЕРОТ:** Главно јадење сега ќе нарачате или сакате да размислите?

**МАЈКАТА:** Сега ќе нарачаме, за мене риба и компири, за децата една пица и порција ѓомлезе.

**ТАТКОТО:** За мене донесете македонска плескавица, но ставете и кајмак.

**КЕЛНЕРОТ:** Како ви се допадна јадењето?

**МЕНДЕ:** Сè беше одлично, затоа секогаш сме тука на ручек.

**КЕЛНЕРОТ:** Дали сакате нешто за десерт?

**СЕСТРАТА:** За нас палачинка со нутела, а вие?

**МАЈКАТА:** За мене чоколадна торта, а за Сашо, се знае, парче баклава со ореви.







## РЕЧНИК

**Чинар, традиционално македонско вино, ѓомлезе, шопска салата.**

**Чинар –** најголемото и едно од најстарите дрва во градот Охрид, позната знаменитост на градот, прогласено за споменик.

**Ѓомлезе –** македонско традиционално јадење, симбол на охридската кујна.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој ресторан им е омилен на Менде и на неговата фамилија?
- Каде се наоѓа ресторанот „Одмор“?
- Што сакала мајката за ручек?
- Што нарачале Менде и неговата сестра?
- Што зеле за десерт?

### Задача 1

**Пополнете според насоките од дијалогот „Најубавиот ресторан во моето место“!**

**Што нарачуваат Менде и неговата фамилија?**

| | Менде | сестрата | мајката | таткото |
|---|---|---|---|---|
| **јадење** | | | | |
| **пиење** | | | | |
| **салата** | | | | |
| **десерт** | | | | |

## Задача 2

**На празните места ставете ги речениците од рамката кои одговараат!**

Тоа е специјалитет на куќата, баница под вршник.
Не, благодарам, тоа е сè!
Еден сок од цеден портокал и парче торта, ве молам!
Да, ќе земеме пастрмка на скара.
Да, повелете! Што сакате?
Повелете сметката.

1. Добар ден, повелете!

..............................................................................................................

2. Се одлучивте ли?

..............................................................................................................

3. Може ли да нарачаме?

..............................................................................................................

4. Може ли да ми објасните што е ова?

..............................................................................................................

5. Сметката, Ве молам!

..............................................................................................................

6. Дали сакате уште нешто?

..............................................................................................................

## Задача 3

**Разговарајте во двојки!**
**Обидете се да направите дијалог на тема: „Во ресторан“!**



# ВЕЖБИ ЗА ЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ



## Вежба 1

**Дадени се различни зависносложени реченици. Обиди се да откриеш кои се!**

а) Томи реши да му помогне на пријателот. ..........................................

б) Секогаш се радувам кога одев на патување. ..........................................

в) Тој не дојде на натпревар бидејќи ја повреди ногата.

..........................................

г) Јадеше брзо оти беше многу гладен. ..........................................

д) Беше толку засрамен, што сакаше веднаш да замине дома.

..........................................

ѓ) Донесоа пет столици колку што имаше гости. ..........................................

..........................................

е) Поради тоа што беше болен, не отиде на екскурзија.

..........................................



## Вежба 2

**Квиз-прашања**

**Определи го видот на речениците!**

**Читањето книга помага да ги прошириме нашите хоризонти.**

а) временска
б) односна
в) исказна
г) причинска

**Тој реши дека ќе вежба напорно.**

а) последична
б) причинска
в) исказна
г) односна

**Тој беше толку многу уморен, што не отиде на забавата.**

а) временска
б) односна
в) исказна
г) последична

**Тоа е Маја чијашто мајка работи во поштата.**

а) временска
б) односна
в) исказна
г) последична

**Таа не стигна на време бидејќи го пропушти автобусот.**

а) временска
б) причинска
в) исказна
г) последична

## Вежба 3

Реченицата: **<u>Родителите ме искараа</u>**, прошири ја за да добиеш:

а) исказна зависносложена реченица: ................................................................

б) временска зависносложена реченица: ................................................................

в) допусна зависносложена реченица: ................................................................

г) последична зависносложена реченица: ................................................................

## Вежба 4

**Во примерите, пронајди ја главната реченица (одбележи ја со црвена боја) и зависната дел-реченица (одбележи ја со сина боја)!**

а) Иле седеше во аголот затоа што другите деца беа немирни.

б) Лудуваа на одморите додека не влезе наставничката.

в) Кога почна да врне, сите си заминаа дома.

г) Станав доцна бидејќи никој не ме разбуди.



ТЕМА 6

# МОЕТО ЗДРАВЈЕ

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ВО ОРДИНАЦИЈА

Кога Данин се разбуди за на училиште, не се чувствуваше добро. Затоа, мораше да отиде на доктор. Го пречека медицинската сестра Ема.

**ЕМА:** Повели Данин, сега ти си на ред!

**ДОКТОРОТ:** Што е проблемот? Како се чувствувате?

**ДАНИН:** Докторе, утрово кога се разбудив се чувствував навистина лошо, имам мачнина во стомакот и главоболка.

**ДОКТОРОТ:** Данин, имаш висока температура, грлото ти е црвено, имаш грип. Ќе ти препишам лекови, ќе пиеш чај со лимон и ќе одмораш. По една недела ќе дојдеш на контрола.

**ДАНИН:** Ти благодарам докторе! Пријатно! Се гледаме за една недела!

### Во аптека

**АПТЕКАРКАТА:** Повелете! Што треба за вас?

**ДАНИН:** Ве молам, дали ги имате овие таблети од рецептот?

**АПТЕКАРКАТА:** Да, ги имаме. Повелете! Дали треба уште нешто?

**ДАНИН:** Па, дајте ми чај од нане и витамин Ц!

**АПТЕКАРКАТА:** Повели! Брзо оздравување!

**ДАНИН:** Ви благодарам! Пријатно!



## ПРИМЕРИ И ОБЈАСНУВАЊА

- **Грип =** вирусна, респираторна инфекција.
- **Рецепт –** насоки кои лекови треба да се земаат/ **рецепт –** постапка како се подготвува некое јадење.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Како се чувствувал Данин утрото кога се разбудил?
- Кој совет го добил од докторот?
- Што земал од аптека Данин?

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

### Учиме за...

**Предмет (директен, индиректен, удвоен, предлошки)**

### Директен предмет

Дејството директно преминува врз предметот или го дава неговото продолжение.

<u>Елена</u> <u>јаде</u> <u>**сладолед.**</u> – Што јаде Елена? – Сладолед. (**Директен пре дмет.**)

Елена <u>**го**</u> јаде <u>**сладоледот**</u>. – Што јаде Елена? – Го јаде сладоледот. (**Удвоен директен предмет.**)

Одговара на прашањата: **што? (за предмети) и кого? (за лица).**

## Индиректен предмет

Уште се вика **НА**-предмет, се именува **НА КОГО** му е наменето дејството.

Одговара на прашањата: **на кого? кому?**

Елена отиде **<u>на сладолед</u>**. – На што отиде Елена? – На сладолед. (**Индиректен предмет.**)

**<u>Ѝ</u>** реков **<u>на Елена</u>**. (**Удвоен индиректен предмет.**)

**Предлошки предмет**

Предметот од прирокот преминува врз предметот со кој било **предлог (во, со, за, кај, од, до, по)**.

Елена отиде <u>по сладолед</u>. (**Предлошки предмет.**)

**За да ги добиеме индиректниот и директниот удвоен предмет, потребни ни се и кратките заменски форми.**

**Директен предмет**

| еднина | множина |
|---|---|
| мене ме | нас нѐ |
| тебе те | вас ве |
| него го | нив ги |
| неа ја | |
| него го | |

**Индиректен предмет**

| еднина | множина |
|---|---|
| мене ми | нам ни |
| тебе ти | вам ви |
| нему му | ним им |
| нејзе ѝ | |
| нему му | |

### Вежба 1

**Потцртај го предметот и определи го неговиот вид!**

а) Јана чита книга.

........................................................

б) Наставникот им рече на учениците.

........................................................

в) Ајла отиде во театар.

........................................................

### Вежба 2

**Удвој го предметот во речениците!**

а) Наставничката објасни лекција. ........................................................

б) Нивниот тим доби награда.

........................................................

в) Директорот се заблагодари на присутните.

........................................................





## ВО ПОСЕТА НА...

Еден ден по училиште игравме фудбал. Марко е најдобриот помеѓу нас. Но, кога Дритон му ја подаде топката, толку силно го удри, што Марко како клопче се стркала на земјата. Ја држеше ногата цврсто и болно се превиткуваше. Мислевме дека ќе му помине, но тој не можеше да стане. Моравме да повикаме Брза помош. Брзата помош беше тука за неколку минути, а Марко за миг се најде во болница. Работата била сериозна. Тој така лошо ја превиткал ногата, што била пукната на две места. Мораа да ја стават во гипс, а Марко да остане една недела в болница.

.....

Другарите пак беа многу загрижени. Не можеа повеќе ниту да играат фудбал без најдобриот играч. Затоа, решија да отидат да го посетат. Земаа овошје и сок и сите отидоа да го видат повредениот другар. Марко многу се изненади кога ги виде сите на вратата од својата соба. Раговорот им траеше долго. А пред заминување, секој се потпиша на гипсот од ногата на Марко.

– Извини Марко, не сакав, многу ми е жал! – му рече тивко Дритон.

– Не грижи се Дритон, тоа беше само еден несреќен случај – со насмевка рече Марко.



## Вежба 1

**Пронајди ги зборовите кои не ги знаеш во овој текст! Запиши ги и побарај го нивното значење и објаснување! Направи и свој пример во кој ќе го примениш знаењето!**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Прилошките определби во реченицата даваат информација за околностите во кои се врши глаголското дејство изразено со прирокот.

Прилошките определби се бараат со прашањата: каде?, кога?, како?, зошто?, како? и слично.

Ана замина некаде. (Прилошка определба за место.)

Петар свири прекрасно. (Прилошка определба за начин.)

Тоа утро бев многу расположен. (Прилошка определба за време.)

Биле не дојде на часови поради болест. (Прилошка определба за причина.)

## Вежба 2

**Дополни ги речениците со соодветни прилошки определби: внимателно, брзо, полека, милно!**

Марко ја косеше тревата ..................... Ана гледаше ............. ........................................ и размислуваше како да му помогне. Затоа ................................................ стана и ја зеде црната пластична вреќа. Ја отвори вреќата и почна да ја става искосената трева. Марко ја гледаше Ана ............................................. и беше среќен.

## Вежба 3

**Состави свои реченици со следниве прилошки определби: никаде, секоја есен, денес, херојски, од радост!**

